СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Вторник, 22 декември 1992
Скопје
Број 80 Год. XLVIII

Претплатата за 1992 година изнесува 25.000 денари. Овој број чини 2.000 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1498.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО

Се прогласува Законот за семејството што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 декември 1992 година.

Број 08-4828
15 декември 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

ЗАКОН ЗА СЕМЕЈСТВОТО

ПРВ ДЕЛ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат: бракот и семејството, односите во бракот на семејството, одредени облици, посебна заштита на семејството, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови.

Член 2

Семејството е животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство.

Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување.

Член 3

Односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување и заштита на интересите на малолетните деца.

Член 4

Републиката обезбедува посебна заштита на семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и децата без родителска грижа.

Член 5

Републиката создава и обезбедува научни, економски и социјални услови за планирање на семејството и за слободно и одговорно родителство.

Во остварувањето на правото на слободно и одговорно родителство, родителите се должни да обезбедат оптимални услови за здрав раст и развој на своето дете во семејството и општеството.

Член 6

Бракот е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството.

Односите меѓу брачните другари се засноваат врз слободна одлука на мажот и жената да склучат брак, врз нивната рамноправност, меѓусебно почитување и заемно помагање.

Член 7

Родителството настанува со раѓање и посвојување.

Оспорување и утврдување на родителството е дозволено под услови и на начин утврден со овој закон.

Член 8

Родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности (родителско право).

Односите на родителите и децата се засноваат на права и должности на родителите да се грижат за подигање, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики.

Родителското право го вршат родителите заедно во согласност со потребите и интересите на децата и интересите на општествената заедница.

На родителот може да му биде одземено или ограничено вршењето на родителското право под услови предвидени со овој закон.

Член 9

Правата и должностите на родителите и на другите роднини спрема децата, како и правата и должностите на децата спрема родителите и другите роднини се еднакви, без оглед дали децата се родени во брак или надвор од бракот

Член 10

Родителското право престанува со полнолетство на детето или на друг начин предвиден со овој закон.

Полнолетството се стекнува со наполнување 18 години од животот, кога полнолетното лице се здобива со деловна способност.

Член 11

Издржувањето е право и должност на родителите, на децата и на другите роднини утврдени со овој закон, како и на лицата кои живеат во брачна или вонбрачна заедница.

Доколку издржувањето не може да се оствари од лицата од став 1 на овој член, на необезбедените членови на семејството, Републиката им обезбедува средства неопходни за издржување, под услови определени со закон.

Член 12

Републиката преку старателство обезбедува заштита на децата без родители, на малолетните деца без

родителска грижа и на полнолетните лица под услови и на начин утврден со овој закон.

Член 13

Заедница на живот на маж и жена која не е заснована во согласност со одредбите на овој закон (вонбрачна заедница) и која траела најмалку една година, е изедначена со брачната заедница во поглед на правото на меѓусебно издржување и имотот стекнат за време на траењето на таа заедница.

Член 14

Работите сврзани со посебната заштита и помош на семејството, посвојувањето, како и работите на старателството, утврдени во овој закон, ги врши центар за социјална работа со методите на стручната, советодавната и советовалишната интердисциплинарна тимска работа.

За работите од став 1 на овој член центарот за социјална работа ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка.

По жалбите изјавени против решенија на центарот за социјална работа решава Министерството за труд и социјална политика.

Жалбата изјавена против решението на центарот за социјална работа не го задржува неговото извршување.

ВТОР ДЕЛ

БРАК

I. СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАК

1. Услови за склучување и полноважност на бракот

Член 15

Брак може да склучат две лица од различен пол со слободно изјавена волја пред надлежен орган, на начин определен со овој закон.

Член 16

Не може да склучи брак лице кое не наполнило 18 години од животот.

Надлежниот суд може, во вонпроцесна постапка, да дозволи склучување на брак на лице кое наполнило 16 години од животот ако утврди дека тоа достигнало телесна и душевна зрелост потребна за вршење на правата и должностите што настануваат во бракот, а по претходно прибавено мислење од здравствена установа и укажана стручна помош во центарот за социјална работа.

Член 17

Не може да склучи нов брак лице додека порано склученият брак не му престане.

Член 18

Не можат да склучат брак лица кои поради манифесна форма на душевно заболување со присуство на психотични симптоми или резидуални знаци од болеста не се во состојба да го сфатат значењето на бракот и обврските што произлегуваат од него, а кои се истовремено неспособни за расудување.

Не можат да склучат брак и лица кои заостануваат во менталниот (психичкиот) развој, а припаѓаат во групата на лица со тешка и најтешка ментална заостанатост IQ под 36^0.

Лицата кои се распоредени како лица со умерени пречки во психичкиот развој или со лесни пречки во психичкиот развој, како и лица кои имаат тешки наследни заболувања во фамилијата, можат да склучат брак по претходно прибавено мислење за генетската конструкција издадено од Заводот за ментално здравје на деца и младинци Скопје или друга соодветна институција која се занимава со вршење на генетските истражувања.

Член 19

Бракот не е полноважен кога согласноста за склучување на брак е дадена под присила или во заблуда.

Член 20

Не можат меѓу себе да склучат брак крвни роднини во права линија (дедо, баба, мајка, татко и внуци), како ни родени браќа и сестри, брат и сестра по татко, односно по мајка, стрико и дете од брат, вујко и дете од сестра, тетка и дете од брат, тетка и дете од сестра, ниту први братучеди.

Не можат да склучат брак и лица чие сродство од претходниот став е засновано со посвојување.

Член 21

Не можат меѓу себе да склучат брак свекор и сната, зет и тешта, очув и паштерка, маќеа и пасинок, без оглед на тоа дали бракот, поради чие склучување тие дошле во такво сродство, престанал.

Од оправдани причини надлежниот суд може во вонпроцесна постапка, да дозволи роднините од став 1 на овој член меѓу себе да склучат брак.

Член 22

Вонбрачното сродство претставува пречка за склучување на брак како и брачното.

2. Постапка за склучување на брак

Член 23

Лицата кои имаат намера да стапат во брак поднесуваат пријава до органот на управата надлежен за водење на матичните книги на венчаните.

Пријавата за склучување на брак може да се даде писмено или усно на записник.

Кон пријавата, идните брачни другари, приложуваат извод од матичната книга на родените, потврда дека посетиле предбрачно и брачно советувалиште во центарот за социјална работа кога прв пат склучуваат брак и други исправи кога е тоа потребно (решение со кое е дозволено склучување на брак, доказ дека претходниот брак престанал, полномошно и слично.)

Член 24

Матичарот ќе провери, врз основа на изјавата на лицата кои сакаат да стапат во брак, а по потреба и на друг начин, дали постои законска пречка за склучување на бракот.

Матичарот е должен со решение да го одбие склучувањето на бракот, ако утврди дека според законот не е дозволено неговото склучување.

Против решението од став 2 на овој член лицата кои поднеле пријава за склучување на брак може да поднесат жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до органот на управата надлежен за водењето на матичните книги.

По жалбата против решението од став 2 на овој член решава лицето кое раководи со органот на управата надлежен за водењето на матичните книги.

Член 25

Денот и часот за склучување на бракот го определува матичарот во договор со лицата кои сакаат да склучат брак.

Член 26

Склучување на брак се врши на свечен начин и во посебна, за тоа определена службена просторија.

По барање на лицата кои сакаат да склучат брак,

бракот може да се склучи и на некое друго место, ако за тоа постојат оправдани причини.

Член 27

Бракот се склучува во присуство на лицата кои сакаат да склучат брак, одборникот во собранието на општината што тоа ќе го определи, двајца сведоци и матичарот.

Сведок при склучување на брак може да биде секое деловно способно лице.

Член 28

Во посебно оправдани случаи, органот надлежен за водење на матичните книги на венчаните може со решение да дозволи бракот да се склучи со присуство само на еден од идните брачни и полномошник на другиот брачен другар.

Полномошното содржи лични податоци за давателот на полномошното, полномошникот и лицето со кое давателот на полномошното сака да склучи брак.

Полномошното се издава во форма на јавна исправа.

Член 29

Склучувањето на бракот започнува со извештај на матичарот дека се присутни подносителите на пријавата и дека врз основа на исправите, изјавите на идните брачни другари и на сведоците, е утврдено дека не постојат пречки за склучување на бракот.

Ако бракот се склучува преку полномошник се чита полномошното издадено во смисла на член 28 од овој закон.

Откако одборникот на собранието на општината ќе утврди дека нема приговор на извештајот на матичарот, ги запознава идните брачни другари со значењето на бракот и правата и обврските што произлегуваат од него. Потоа го прашува поединечно секој од идните брачни другари дали се согласува да склучи брак со идниот брачен другар

Изјавата на идните брачни другари дека се согласни да го склучат бракот, матичарот ќе ја запише во матичната книга на венчаните, во која потоа се потпишуваат идните брачни дургари, одборникот во општината, сведоците и матичарот.

Бракот е склучен кога идните брачни другари ќе се потпишат во матичната книга на венчаните.

По потпишувањето од двајцата идни брачни другари, одборникот на општината ќе прогласи дека меѓу жената и мажот, наведени со нивните лични имиња, бракот е склучен.

Веднаш по запишувањето во матичната книга на венчаните на брачните другари ќе им се издаде извод од матичната книга на венчаните

Член 30

Бракот склучен по верски обичаи не произведува правно дејство

II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА БРАЧНИТЕ ДРУГАРИ

Член 31

При склучувањето на бракот, брачните другари можат да се спогодат да го земат за презиме презимето на едниот или на другиот брачен другар или секој да го задржи своето презиме или секој од нив на своето презиме да го додаде презимето на другиот брачен другар или едниот брачен другар да го земе презимето на другиот брачен другар и на тоа презиме да му го додаде своето презиме.

Член 32

Секој брачен другар е независен во изборот на работата и занимањето

Брачните другари спогодбено одлучуваат за местото на заедничкото живеење и за водење на заедничкото домаќинство.

Член 33

Брачните другари секој според своите способности се грижат за задоволување на потребите на семејството.

III. ПРЕСТАНОК НА БРАКОТ

Член 34

Бракот престанува со смрт на еден од брачните другари, со прогласување на исчезнатиот брачен другар за умрен, со поништување и со развод на бракот.

Ако еден од брачните другари е прогласен за умрен, бракот престанува со денот, кој со правосилното решение е утврден како ден на неговата смрт.

Бракот престанува со поништување и со развод кога пресудата за поништување, односно развод, ќе стане правосилна.

1. Поништување на брак

Член 35

Бракот ќе се поништи ако се утврди дека при неговото склучување постоела некоја од брачните пречки предвидени во членовите 16 до 22 на овој закон.

Член 36

Поништување на брак може да бара еден од брачните другари, јавниот обвинител, како и физичко и правно лице кое за тоа има правен интерес, ако со овој закон не е определено поинаку.

Поништување на брак склучен под принуда може да бара само брачниот другар кој бил принудена да го склучи бракот. Тужба може да се поднесе во рок од една година од денот кога опасноста од извршувањето на принудата престанала.

Поништување на брак склучен во заблуда може да бара само брачниот другар кој во заблуда се согласил да склучи брак. Тужба може да се поднесе во рок од една година од денот на сознавањето на заблудата.

Член 37

Правото на поднесување тужба за поништување на брак не преминува на наследниците на тужителот, но тие можат да ја продолжат започнатата постапка.

Член 38

Тужба за поништување на бракот поради причините утврдени во членовите 16 до 22 на овој закон, освен кога се работи за принуда, заблуда, како и за малолетство, може да се поднесе и по престанок на бракот.

2. Развод на брак

Член 39

Бракот може да се разведе со заемна согласност на брачните другари.

Ако брачните другари имаат заеднички малолетни деца или полнолетни деца над кои им е продолжено родителското право, потребно е да поднесат спогодба за начинот на вршењето на родителските права и должности и за издржувањето и воспитанието на децата.

Судот ќе донесе одлука за развод на бракот по заемна согласност на брачните другари ако утврди дека тие таа согласност ја донеле слободно, сериозно и непоколебливо.

Член 40

Бракот може да се разведе по барање на еден од брачните другари ако брачните односи се до таа мера нарушени што заедничкиот живот станал неподнослив.

Член 41

Брачниот другар може да бара развод на бракот ако брачната заедница фактички престанала подолго од една година.

Член 42

Во случај на развод или поништување на бракот, секој од поранешните брачни другари го задржува презимето што го има, а може да бара и промена на тоа презиме.

Член 43

Правосилна пресуда за развод или поништување на бракот , судот ја доставува до органот на управата надлежен за водење на матична книга на венчаните најдоцна во рок од 30 дена заради упис на промените, како и до центарот за социјална работа, ако во бракот имаат малолетни деца или деца над кои е продолжено родителското право.

ТРЕТ ДЕЛ

ОДНОСИ НА РОДИТЕЛИ И ДЕЦА

I. РОДИТЕЛСКО ПРАВО

Член 44

Родителското право го сочинуваат правата и должностите на родителите да се грижат за личноста, правата и интересите на своите малолетни деца и децата над кои е продолжено родителското право.

Член 45

Родителското право им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво.

Ако еден од родителите е умрен или не е познат или му е одземено родителското право или ако од други причини е спречен да го врши родителското право, родителското право го врши другиот родител.

II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

Член 46

Родителите имаат право и должност да ги издржуваат своите малолетни деца, да се грижат за нивниот живот и за нивното здравје, да ги подготвуваат за самостоен живот и работа, да се грижат за нивното воспитание, школување и стручно оспособување.

Член 47

Малолетните деца имаат право да живеат со своите родители.

Малолетните деца можат да живеат одвоено од своите родители само кога е тоа од непосреден интерес за децата или кога тоа е од заеднички интерес за децата и за родителите.

Родителот со кого детето не живее има право и должност да одржува лични односи со своето дете.

Член 48

Родителите имаат право и должност да ги застапуваат своите малолетни деца.

Член 49

Поднесоците и изјавите за малолетните деца може полноважно да се доставуваат на едниот или на другиот родител, а ако родителите не живеат заедно, тогаш на родителот кај кого живее детето.

III. ЗАСНОВАЊЕ НА ОДНОСИ МЕЃУ РОДИТЕЛИ И ДЕЦА

1. Утврдување на татковство и на мајчинство

Член 50

Брачниот другар на мајката се смета за татко на детето родено за време на траењето на бракот или во рок од 300 дена по престанокот на бракот.

Член 51

За татко на детето родено надвор од брак се смета лицето кое детето ќе го признае за свое.

Татковство може да се признае пред матичар, центарот за социјална работа и суд. Органот пред кого е дадено ова признание должен е, без одлагање, записникот за признавање на татковството, да го достави до матичарот надлежен за упис на детето во матичната книга на родените.

Признавање на татковството може да биде направено и со тестамент.

Член 52

Изјава за признавање на татковството на дете родено надвор од брак може да се даде и преку полномошник.

Полномошното мора да биде заверено и да содржи изрично овластување на полномошникот да даде изјава за признавање на татковството на одредено дете кое го родила одредена мајка.

Член 53

Изјава за признавањето на татковство на дете родено надвор од брак може да се даде и пред раѓање на детето. Изјавата дадена пред раѓање на детето произведува правно дејство под услов детето да се роди живо.

Член 54

Татковство не може да се признае по смртта на детето, освен ако тоа оставило потомство.

Член 55

Татковство на дете родено надвор од брак може да признае секое полнолетно деловно способно лице, како и малолетно лице ако е постаро од 16 години, како и лице со ограничена деловна способност, доколку е способно да ја сфати содржината и значењето на изјавата за признавање на татковство.

Член 56

Признавањето на татковството произведува правно дејство и се запишува во матичната книга на родените само ако со тоа се согласи мајката на детето, која за тоа матичарот ја известува.

Изјавата за согласност за признавање на татковство мајката ја дава во рок од 30 дена по приемот на известувањето.

Кога мајката не е жива или е исчезната, изјавата ја дава старателот на детето со одобрение на центарот за социјална работа.

Член 57

Ако детето е постаро од 16 години, потребна е и негова согласност за признавање на татковството. Изјавата за согласност се дава во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето.

Ако детето е помало од 16 години, и е под старателство, бидејќи мајката е умрена или е со непознато живеалиште или престојувалиште или му е одземена деловната способност, изјава за согласност за признавање на татковството дава старателот на детето со одобрение на центарот за социјална работа.

Член 58

Ако мајката на детето и детето кое е постаро од 16 години или старателот на детето кога е потребна неговата согласност, не се согласат со признавањето на татковството или не се изјаснат за тоа во рок од 30 дена по приемот на известувањето, лицето кое го признало детето за свое може да поднесе тужба заради утврдување дека е тој татко на детето.

Тужба може да се поднесе во рок од три месеци по приемот на известувањето за несогласување на лицата од став 1 на овој член, или по истекот на рокот од став 1 на овој член.

Член 59

Изјавата за признавање на татковство, како и изјавата на мајката и детето за согласност со признаното татковство, не може да се отповикуваат.

Лице кое дало изјава за признавање на татковство, односно изјава за согласност со признавање на татковство, може да бара поништување на изјавата ако е таа предизвикана со принуда или е дадена поради измама или во заблуда.

Тужба за поништување на изјавата може да се поднесе во рок од една година од кога принудата престанала, односно од денот кога заблудата, односно измамата е откриена.

Член 60

Детето родено надвор од брак, тужба заради утврдување на татковство, може да поднесе до навршувањето на 21 година од животот.

Ако е детето малолетно или е деловно неспособно тужба во негово име може да поднесе мајката, додека го врши родителското право.

Старателот, со одобрение на центарот за социјална работа може да поднесе тужба за утврдување на татковство додека трае старателството, но најдоцна до навршена 21 година од животот на детето.

Центарот за социјална работа може по службена должност да покрене постапка за утврдување на татковство, доколку мајката вршејќи го родителското право ги занемарува интересите на детето и не покренала постапка за утврдување на татковство.

Член 61

За татко на детето, родено надвор од брак, ќе се смета лице кое со мајката на детето имало полови односи во време од најмалку 180 до 300 дена пред раѓањето на детето, доколку не се докаже спротивното.

При утврдувањето на татковството судот особено ги зема предвид и заедничкиот живот и меѓусебните односи на мајката на детето и на тужениот пред и по раѓањето на детето, како и медицинските и други докази кои не го исклучуваат тужениот дека е татко на детето.

Член 62

Не е дозволено утврдување на татковство на дете кое е зачнато со вештачко оплодување.

Член 63

Одредбите на овој закон за утврдување на татковство соодветно се применуваат и при утврдување на мајчинство.

2. Оспорување на татковство и на мајчинство

Член 64

Брачниот другар може да оспорува татковство на дете кое го родила неговата брачна другарка за време на траењето на бракот или пред истекот на 300 дена од престанокот на бракот, ако смета дека не му е татко на детето.

Тужбата за оспорување на татковство се поднесува во рок од три месеци од денот на дознавањето за раѓањето.

Ако брачниот другар на мајката е лишен од деловна способност или ако ја изгубил деловната способност пред истекот на рокот за оспорување на татковство, татковството може да го оспорува неговиот старател со одобрение на центарот за социјална работа и тоа во рок од три месеци од кога дознал за раѓањето на детето.

Член 65

Ако по истекот на рокот за поднесување на тужба од став 2 на член 64, од овој закон се откријат факти и докази од кои произлегува дека брачниот другар не е татко на детето кое го родила неговата брачна другарка, на негово барање Врховниот суд на Република Македонија со решение може да определи нов рок за поднесување тужба за оспорување на татковство.

Барањето од став 1 на овој член не може да се поднесе по полнолетството на детето.

Член 66

Мајката може да оспорува татковство на лице кое според овој закон се смета за татко на нејзиното дете.

Тужбата за оспорување на татковството од став 1 на овој член се поднесува во рок од три месеци од раѓањето на детето.

Член 67

Детето може да оспорува дека му е татко лицето кое според овој закон се смета за негов татко.

Тужбата за оспорување на татковство детето може да ја поднесе најдоцна до навршување на 21 година од животот.

Член 68

Жената која во матичната книга на родените е запишана како мајка на детето може да го оспорува своето мајчинство ако смета дека не му е мајка.

Тужба заради оспорување на мајчинство може да се поднесе во рок од три месеци од дознавањето на фактот дека не му е мајка на детето, а најдоцна до полнолетство на детето.

Член 69

Жената која себе си се смета за мајка на детето може да го оспорува мајчинството на жената која во матичната книга на родените е запишана како мајка на детето под услов, со истата тужба да бара и утврдување на нејзиното мајчинство.

Тужбата од став 1 на овој член може да се поднесе во рок од три месеци од дознавањето дека е таа мајка на детето, а најдоцна до полнолетството на детето.

Во случаите од став 1 на овој член барањето за оспорување на мајчинство ќе биде одбиено доколку жената која се смета за мајка на детето не го докаже своето мајчинство.

Член 70

Детето може да го оспорува мајчинството на жената која во матичната книга на родените е запишана како негова мајка.

Тужбата заради оспорување на мајчинство детето може да ја поднесе до навршување на 21 година од животот.

Член 71

Оспорување на татковство не е дозволено кога мајката, со писмена согласност на нејзиниот брачен другар, е оплодена со вештачка инсеменација.

Член 72

Татковство не може да се оспорува по смртта на детето.

Член 73

Законските наследници на таткото, на мајката и на детето, немаат право да поднесуваат тужба за оспорување на татковство, односно мајчинство, но тие можат да ја продолжат тужбата поднесена од нив.

Член 74

До полнолетството на детето, како и во случаите кога детето е лишено од деловна способност, тужба за оспорување на татковство и мајчинство, во негово име, може да поднесе старателот, со одобрение на центарот за социјална работа.

Член 75

Не е дозволено утврдување или оспорување на мајчинство и татковство во случај кога родителскиот однос настанал со посвојување.

IV. ВРШЕЊЕ НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО

Член 76

Родителското право родителите го вршат заеднички и спогодбено.

Во случај на несогласување на родителите во вршењето на родителското право решава центарот за социјална работа.

Член 77

Ако тоа го бараат интересите на детето, родителите можат да го доверат детето на чување и воспитание на трето лице или да го сместат во соодветна установа.

Ако родителите или родителот кој сам го врши родителското право од оправдани причини подолго време отсуствуваат од местото на живеење и со себе не ги водат децата, децата можат да ги доверат на чување и воспитание на друго лице, доколку центарот за социјална работа таквото сместување претходно го одобри. Ќе се смета дека одобрување е дадено доколку во рок од 30 дена по поднесувањето на барањето, центарот за социјална работа не донесе решение.

Дете не може да се даде на чување и воспитание на лице кое не може да биде старател.

Член 78

Во случаите кога родителите на детето не живеат заедно, тогаш се спогодуваат кај кого од нив детето ќе остане на чување и воспитание, а ако за тоа не можат да се спогодат или ако нивната спогодба не одговара на интересите на детето, решение за тоа ќе донесе центарот за социјална работа.

Центарот за социјална работа на барање на еден од родителите или по службена должност, ќе донесе ново решение за доверување на детето на чување и воспитание ако тоа го бараат изменетите околности.

Член 79

Во случаите кога родителите на детето не живеат заедно тогаш тие се спогодуваат за начинот на одржување на личните односи со детето. Во случај на несогласување, решение за тоа донесува центарот за социјална работа.

Центарот за социјална работа по барање на родителот може одново да го уреди начинот на одржување на личните односи на родителите со децата ако тоа го бараат изменетите околности.

Одржувањето на личните односи на децата со родителите може да се ограничи или привремено да се забрани само заради заштита на здравјето и на другите интереси на детето.

Член 80

Со пресудата со која се разведува бракот судот ќе одлучи за чувањето, воспитанието и издржувањето на заедничките деца.

Ако родителите не се спогодиле за ова или ако нивната спогодба не одговара на интересите на децата, судот, откако ќе прибави мислење од центарот за социјална работа и ќе ги испита сите околности, ќе одлучи дали децата ќе останат на чување и воспитание кај еден родител или некои ќе останат кај мајката, а некои кај таткото или сите ќе бидат доверени на некое трето лице или установа.

Родителот на кого не му се доверени децата има право да одржува лични односи со нив, ако судот не определи поинаку со оглед на интересите на децата.

Судот, по барање на еден од разведените брачни другари или центарот за социјална работа, ќе ја измени одлуката за чување и воспитание на децата и за односите на разведените брачни другари спрема нивните заеднички деца, доколку тоа го бараат изменетите околности.

Член 81

Судот ќе одлучи за доверување на децата на чување и воспитание и кога:

1) донесува пресуда со која се утврдува дека бракот не постои и

2) во спорови за утврдување или оспорување на татковство или мајчинство доколку донесувањето на одлуката со оглед на исходот на спорот и околностите за случајот е можно и потребно.

Кога донесува одлука за доверување на деца на чување и воспитание судот доколку е потребно ќе наложи на странката кај која се децата во определен рок да ги предаде децата на родителот, односно друго лице или установа.

Член 82

По поништувањето или разводот на бракот, во однос на вршењето на родителското право и уредувањето на личните односи со децата на родителот кај кого не се децата, центарот ги има истите овластувања како и кога родителите се во брак.

V. НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕТО НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО

Член 83

Центарот за социјална работа врши надзор над вршењето на родителското право.

Член 84

Центарот за социјална работа е должен да презема потребни мерки заради заштита на личноста, правата и интересите на детето.

Секој граѓанин, орган и правно лице должен е да го извести центарот за социјална работа веднаш штом дознае дека родителот не го врши родителското право или дека од други причини е потребна заштита на личноста, правата и интересите на детето.

Член 85

Ако тоа го бараат интересите на детето, центарот за социјална работа ги предупредува родителите на недостатоците во воспитанието и развојот на детето и им помага детето правилно да го развиваат и воспитуваат, а може да ги упати тие самите или заедно со детето да посетат соодветно советувалиште или некоја друга здравствена, социјална или воспитна установа која може да им даде потребен совет.

Член 86

Ако тоа го бараат интересите на детето, центарот за социјална работа може да донесе решение за постојан надзор над вршењето на родителското право во поглед на сите деца или само во поглед на некое од нив.

Член 87

Центарот за социјална работа со решение може да го одземе детето од едниот и да го довери на чување и воспитание на другиот родител, на некое друго лице или на соодветна установа, кога родителите, односно родителот кај кого детето живее го запостави детето во поглед на чувањето и воспитанието или кога постои сериозна опасност за неговиот правилен развој и одгледување.

Центарот за социјална работа може да одземе дете од едниот и да го довери на другиот родител, на трето лице или на соодветна установа и во случаи кога родителот на кого детето му е доверено на чување и воспитание, ги оневозможува личните односи на детето со другиот родител

Со одземањето на детето не престануваат другите права и должности на родителите спрема детето

По престанок на причините поради кои детето е одземено од родителите, центарот за социјална работа, со решение ќе го врати детето кај родителите

Член 88

Центарот за социјална работа може сам или по предлог на родителите, односно на старателот, на лицето на кого детето му е доверено на чување и воспитание или на предлог на јавниот обвинител, да смести дете во соодветна установа ако дошло до пореметување на неговото поведение

Член 89

Центарот за социјална работа кога постои оправдано сомнение за злоупотреба, може да бара од родителите да биде известен за начинот на управување со имотот на детето

Центарот за социјална работа може да бара судот, заради заштита на имотните интереси на детето, да дозволи преземање на мерки за обезбедување врз имотот на родителите

Центарот за социјална работа може да бара од судот, заради заштита на имотните интереси на детето, да реши, родителите во поглед на управувањето со имотот на детето, да имаат положба на старател.

Член 90

На родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителските должности по прибавено мислење од центарот за социјална работа, му се одзема вршењето на родителското право со решение на судот, во вонпроцесна постапка.

На родителот може да му биде одземено вршењето на родителското право во поглед на сите деца или во поглед на некое од нив

Член 91

Постапка заради одземање на родителското право може да поведе другиот родител, центарот за социјална работа или јавниот обвинител

Центарот за социјална работа е должен да поведе постапка за одземање на родителското право кога, на кој и да било начин, ќе дознае дека за тоа постојат причини утврдени со овој закон

Центарот за социјална работа кога ќе дознае дека постои опасност од злоупотреба на родителското право или опасност од грубо занемарување на родителските должности, должен е веднаш да преземе мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето

Член 92

Родителското право може, со одлука на судот, да му биде вратено на родителот кога ќе престане причината поради која тоа право му е одземено.

Предлог за враќање на родителското право може да поднесе родителот или Центарот за социјална работа.

VI. ПРЕСТАНОК И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО

Член 93

Родителското право престанува со полнолетство на детето, со стапување во брак на детето пред полнолетството и со посвојување.

Со стапување во брак малолетното лице се здобива со деловна способност.

Член 94

Судот, по предлог на родителите или на центарот за социјална работа може, во вонпроцесна постапка, да одлучи родителите да продолжат да го вршат родителското право, ако детето и по полнолетството поради пречки во психичкиот развој, не е способно само да се грижи за својата личност, права и интереси.

Кога ќе престанат причините поради кои родителското право било продолжено судот, по предлог на родителите или на центарот за социјална работа, ќе одлучи за престанок на родителското право

Одлуката на судот од ставовите 1 и 2 на овој член се заведува во матичната книга на родените и во книгите за евиденција на недвижности.

ЧЕТВРТИ ДЕЛ

ПОСВОЈУВАЊЕ

1. Основни одредби

Член 95

Со посвојувањето се создаваат односи какви што настануваат со раѓањето (потполно посвојување) или само односи што постојат меѓу родители и деца (непотполно посвојување)

Каков однос ќе се создаде со посвојувањето зависи од волјата на посвоителот, на родителите на детето кое се посвојува, односно на неговиот старател и на самото дете ако е постаро од десет години.

Член 96

Само малолетно лице може да биде посвоено.

Член 97

Посвојувањето може да се заснова само ако е во интерес на малолетникот.

Посвојувањето се засновува пред центарот за социјална работа.

Член 98

Никој не може да биде посвоен од повеќе лица, освен кога како посвоители се јавуваат брачните другари.

Член 99

Посвоител, по правило, може да биде само државјанин на Република Македонија.

По исклучок од став 1 на овој член како посвоител може да се јави и лице кое е странски државјанин.

Посвојувањето од лицето од став 2 на овој член се заснова со одобрение на Министерството за труд и социјална политика, а по предлог на центарот за социјална работа.

2. Услови за посвојување

Член 100

Посвоител може да биде лице најмалку 18 години постаро од посвоеникот.

Кога детето го посвојува брачниот другар на роди-

телот на детето, разликата во години може да биде и помала.

Ако брачни другари посвојуваат дете истовремено или едниот па другиот, за посвојувањето е доволно да постои разлика во години само кај едниот од брачните другари.

Член 101

Не може да се посвои сродник во права линија ниту брат ниту сестра.

Член 102

Посвоител не може да биде лице.

а) кое е лишено од родителски права,

б) на кое му е ограничена или одземена деловната способност,

в) за кое постои основано сомневање дека положбата на посвоител ќе ја употреби на штета на посвоеникот и

г) кое е душевно болно или лице со пречки во психичкиот развој, како и лице кое боледува од болест што може да го доведе во опасност здравјето и животот на посвоеникот.

Член 103

За посвојување е потребна согласност на обата родители на посвоеникот, односно на неговиот старател, како и на посвоеникот ако е постар од десет години.

Не е потребна согласност на родител на кој му е одземена деловната способност или му е одземено вршењето на родителското право или на родител на кој повеќе од една година не му се знае престојувалиштето.

Не е потребна согласност ниту од посвоеникот кој до посвојувањето живеел во семејството на посвоителот пред наполнувањето на десетгодишна возраст.

Не е потребна согласност од родителот на детето родено надвор од брак кој во рок од три месеци по раѓањето на детето не покренал постапка за признавање на тоа дете или за утврдување на татковство во однос на тоа дете.

3. Засновање на посвојување

Член 104

Лицето кое сака да посвои поднесува барање до центарот за социјална работа, надлежен според местото на живеење на подносителот.

Кон барањето од став 1 на овој член се приложуваат документите определени со правилникот за водење на евиденција на посвоените лица и за определување на документи за посвојувањето, кој го донесува министерот за труд и социјална политика.

Центарот за социјална работа до кого е доставено барањето, врши процена за подобноста на посвоителите и за мотивите на посвојувањето.

Посвојувањето може да се заснова во центарот за социјална работа надлежен според местото на живеење на посвоителот или посвоеникот.

Член 105

При засновање на посвојувањето е потребно присуство на посвоителот, неговиот брачен другар, родителите, односно старателот на посвоеникот, како и на посвоеникот ако е постар од десет години, освен на посвоеникот од став 3 на член 103 на овој закон.

Во оправдани случаи не е потребно присуство на брачниот другар на посвоителот, кој не се јавува како посвоител, ако својата согласност за посвојување ја дал пред центарот за социјална работа, на записник во кој мора да бидат точно означени посвоителот и посвоеникот.

Засновувањето на посвојувањето се врши без присуство на јавноста.

Член 106

Родителите, односно родителот кој сам го врши родителското право, согласноста детето да може да биде посвоено може да ја дадат и претходно пред центарот за социјална работа надлежен според местото на живеење на родителите, без да го определат посвоителот.

Кога лицата од став 1 на овој член дале таква согласност во постапката за засновање на посвојување согласноста за посвојување ја дава старателот на малолетното дете.

Согласноста по раѓање на детето, во писмена форма, во просториите на центарот за социјална работа, кој е месно надлежен, ја даваат родителите од став 1 на овој член без оглед на видот на брачната заедница и врска.

Согласноста своерачно ја пишува родителот кој се согласува детето да го даде на посвојување, а ја потпишува родителот и овластен претставник на центарот за социјална работа.

Член 107

Согласноста за посвојување родителите ја даваат по наполнување на три месеци возраст на детето.

Посвојувањето на детето може да се заснова најрано по навршување на три месеци старост на детето.

Согласноста за посвојување може да се повлече сé до моментот на засновање на посвојување на детето.

Член 108

Ако центарот за социјална работа од содржината на документите, од социјалниот увид или на друг начин утврди дека се исполнети условите пропишани со овој закон и дека посвојувањето е корисно за посвоеникот, ќе пристапи кон засновање на посвојувањето, а во спротивно ќе го одбие барањето за посвојување.

Ако е тоа во интерес на посвоеникот, а секогаш кога треба да се посвои дете постаро од три години, центарот за социјална работа, пред да донесе одлука за посвојување, малолетното дете како иден посвоеник го сместува на престој во семејството на посвоителите определено време, кое не може да биде подолго од една година.

Против решението од став 1 на овој член, може да се поднесе жалба во рок од 15 дена до Министерството за труд и социјална политика.

Член 109

Службеното лице на центарот за социјална работа, врз основа на исправите и изјавите за личниот идентитет на присутните лица утврдува дека тоа се лицата од член 105 на овој закон, а потоа ги запознава со правата и должностите што произлегуваат од посвојувањето и ќе побара изјави за согласност за посвојување од лицата кои се должни согласно со овој закон, да дадат таква изјава, односно ќе ги прочита нивните порано дадени изјави за согласност.

Член 110

При посвојувањето се составува записник и се донесува решение.

Во записникот и во решението за посвојувањето се внесуваат податоци за извршеното посвојување, за спогодбата за личното име на посвоеникот, за местото на раѓање на детето и за неговите наследни права спрема посвоителот, доколку посвојувањето е непотполно.

Записникот го потпишуваат службеното лице кое го застапува детето, родителите, односно старателот на детето и посвоителите.

Член 111

По засновањето на посвојувањето во матичната книга на родените, како родители на детето се запишуваат посвоителите, а како место на раѓање на детето се запишува местото што спогодбено ќе го определат посвоителите и центарот за социјална работа.

Матичарот е должен да изврши нов упис во книгата на родените и за тоа да им издаде на посвоителите/извод од матичната книга на родените.

Член 112

Центарот за социјална работа решението за посвојување ќе го достави до надлежниот матичар најдоцна во рок од 15 дена заради упис во матичната книга на родените.

По извршениот нов упис во матичната книга на родените, матичарот е должен матичната служба да ја извести заради бришење на стариот упис.

4. Права и должности на посвоителот и на посвоеникот

Член 113

Со потполното посвојување меѓу посвоителот и неговото семејство и посвоеникот и неговото потомство се создаваат права и должности кои постојат меѓу крвни роднини.

Со потполното посвојување престануваат заемните права и должности меѓу посвоеното дете и неговото поранешно семејство.

Ако посвоителот е брачен другар на еден од родителите на посвоеникот, посвојувањето не влијае врз односите меѓу посвоеникот и тој родител, како и спрема неговите роднини.

Член 114

При потполното посвојување наследните права на посвоеникот и неговото потомство спрема посвоителот и неговото семејство и на посвоителот и неговото семејство спрема посвоеното дете и неговото потомство се изедначени со наследните права меѓу крвните роднини.

Член 115

Со непотполно посвојување меѓу посвоителите и посвоеникот настануваат само односи меѓу родители и деца.

Наследните права меѓу посвоителот и посвоеникот и неговото потомство при непотполното посвојување се заемни.

При непотполното посвојување, наследните права на посвоеникот спрема посвоителот може да се ограничат или сосема да се исклучат ако во моментот на посвојувањето посвоителот има свои родени деца.

Ако како посвоители при непотполното посвојување се јавуваат брачни другари, наследните права на посвоеникот може различно да се определат спрема секој од нив.

Доколку наследните права на посвоеникот биле ограничени или исклучени, посвоителот не може да го наследи посвоеникот и неговото потомство по закон.

5. Престанок на посвојувањето

Член 116

Потполно посвојување не може да се раскине.

Член 117

Непотполното посвојување може да престане по спогодба меѓу посвоителот и посвоеникот според одредбите кои важат за посвојувањето.

Ако посвоеникот е малолетен, центарот за социјална работа е должен да испита дали престанувањето на посвојувањето е корисно за посвоеникот.

Член 118

Центарот за социјални работи може да реши непотполното посвојување да престане ако утврди дека тоа го бараат интересите на малолетниот посвоеник.

Секој граѓанин, орган и правно лице до центарот за социјална работа можат да поднесат претставка за потребата за престанок на непотполното посвојување кога е тоа во интерес на малолетниот посвоеник.

Член 119

Центарот за социјална работа по барање на посвоителот или посвоеникот кога ќе се утврди дека за тоа постојат оправдани причини може да реши непотполното посвојување да престане.

Член 120

Ако во текот на постапката за раскинување на непотполното посвојување настапи смрт на посвоеникот или на посвоителот, барањето за раскинување на посвојувањето можат да го продолжат нивните законски наследници.

Член 121

По престанокот на непотполното посвојување, надлежниот центар за социјална работа може да го задолжи посвоителот да го издржува посвоеникот до полнолетството врз товар на посвоителот, земајќи ја предвид нивната имотна состојба.

Надлежниот центар за социјална работа, може да утврди обврска на полнолетниот посвоеник за издржување на посвоителот кој не е способен за стопанисување и нема средства за живот.

Член 122

Со престанок на непотполното посвојување одново настануваат заемни права и должности меѓу посвоеникот и неговото поранешно семејство. Посвоеникот го добива своето поранешно презиме, а по негово барање може да го задржи презимето што го добил при посвојувањето, ако со тоа се согласи посвоителот.

Член 123

Правосилното решение за престанок на непотполното посвојување се доставува на надлежниот матичар заради упис во матичната книга на родените.

ПЕТТИ ДЕЛ

СТАРАТЕЛСТВО

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 124

Со старателството Републиката им дава посебна заштита на малолетните деца кои се без родителска грижа и на полнолетни лица на кои им е одземена или ограничена деловната способност.

Според одредбите на овој закон заштитата им се дава и на други лица кои не се во состојба или немаат можност сами да се грижат за заштитата на своите права и интереси.

Член 125

Работите на старателството ги врши центарот за социјална работа непосредно, преку старатели или други лица кои вршат работи сврзани со старателството.

Надлежноста на центарот за социјална работа се определува според местото на живеалиштето, а ако нема живеалиште, според престојувалиштето на лицето кое треба да се стави под старателство.

Местото на живеалиштето и местото на престојувалиштето се определуваат според моментот кога настанале условите за ставање под старателство.

Член 126

Центарот за социјална работа презема потребни мерки за остварување на целите на старателството.

Центарот за социјална работа во подготвувањето, донесувањето и спроведувањето на своите решенија, односно мерки, применува облици на социјална заштита, методи на социјална и друга стручна работа, како и се користи со услугите на социјалните, здравствените, образовно-воспитните и други установи.

Член 127

Постапка за ставање под старателство се поведува по службена должност или по барање на заинтересираните лица.

Постапката од став 1 на овој член е итна.

Член 128

За потребата некое лице да се стави под старателство или врз него да се примени некој облик на заштита што ја дава центарот за социјална работа, должни се да го известат тој орган:

1) матичарот и државните органи кога во вршењето на работите од своја надлежност ќе дознаат за таков случај;

2) роднините, членовите на семејството и соседите и

3) претпријатијата, установите, месните заедници и другите организации и заедници.

Член 129

Кога центарот за социјална работа ќе дознае за потребата некое лице да се стави под старателство, тој веднаш презема соодветни мерки за заштита на личноста, правата и интересите на тоа лице и поведува постапка за ставање под старателство.

При определување на обликот на заштитата врз лицето кое се става под старателство, центарот за социјална работа првенствено ќе се раководи од интересите на лицето кое се става под старателство и интересите на неговото семејство, како и од материјалните можности, при што во реализацијата на заштитата соработува со соодветни организации и органи.

Член 130

Центарот за социјална работа според Законот за општа управна постапка решава за ставање под старателство, за поставување или за разрешување од должност старател, за обемот на овластувањата на старателот и за правата и правните интереси на лицето под старателство и за престанок на старателството.

Во другите случаи центарот за социјална работа постапува на најцелисходен начин, зависно од природата на мерките на старателството што ги определува.

Центарот за социјална работа може да ги менува своите порано донесени решенија, кога тоа го бараат интересите на лицето под старателство, ако со тоа не се засегнуваат правата на трети лица.

Член 131

Лицето под старателство, кое е во состојба да го стори тоа, неговите роднини, како и претпријатијата и установите, органите и организациите предвидени во член 128 од овој закон, како и секој граѓанин можат да поднесат приговор за работата на старателот и за работата на центарот за социјална работа.

Приговорот за работата на старателот се доставува до центарот за социјална работа, а приговорот на работата на центарот за социјална работа се доставува до Министерството за труд и социјална политика.

Член 132

Центарот за социјална работа ги испитува приговорите и ако најде дека се основани, ќе определи мерки кои треба да се преземат.

Ако Министерството за труд и социјална политика најде дека приговорот е основан, ќе даде упатство на центарот за социјална работа. Центарот за социјална работа по добиеното упатство решава кои мерки ќе ги презема и за тоа го известува второстепениот орган.

Член 133

Трошоците за спроведување на мерките што се преземаат во интерес на лицето под старателство се покриваат од:

1) приходите на лицето под старателство;

2) средствата добиени од лица кои се должни да му даваат издржување на лицето под старателство;

3) имотот на лицето под старателство;

4) средствата на лицето под старателство остварени како право од социјална заштита и

5) други извори.

Член 134

Центарот за социјална работа е должен да води евиденција за лицата ставени под старателство, за преземените мерки на старателство и за имотот на лицето под старателство.

За водење на евиденцијата и документацијата од став 1 на овој член министерот за труд и социјална политика донесува упатство.

II. СТАРАТЕЛ

Член 135

На лицето под старателство центарот за социјална работа назначува старател, доколку не одлучи должноста старател да ја врши непосредно.

За старател се поставува лице кое има лични својства и способности за вршење на должноста старател, а кое претходно ќе даде согласност да биде старател.

За старател првенствено се поставува близок роднина на лицето под старателството.

При поставување на старател, центарот за социјална работа ги зема предвид и желбите на лицето под старателство, ако тоа е во состојба да ги изрази, како и желбите на неговите блиски роднини.

Член 136

Исто лице може да биде поставено за старател и за повеќе лица ако за тоа се согласи, ако тоа не е во спротивност со интересите на некое од лицата кои се стават под старателство и ако со тоа тие се согласат.

Член 137

На лице под старателство сместено во воспитна, социјална, здравствена или друга установа или организација, како и во друго семејство или лице, центарот за социјална работа ќе му постави старател за вршење на работите на старателството што лицето, семејството или установата не ги врши во рамките на својата редовна дејност.

Член 138

Центарот за социјална работа може со решение да ги ограничи овластувањата на старателот и да реши одделни работи од старателството да ги врши непосредно.

Ако центарот за социјална работа ја врши старателската функција во смисла на став 1 од овој член тој може одделни работи да ги довери да ги вршат стручни лица во негово име и под негов надзор.

Член 139

Не може да биде старател лице:

1) на кое му е одземено вршењето на родителското право;

2) на кое му е одземена или ограничена деловната способност;

3) чии интереси се во спротивност со интересите на лицата под старателство, односно кое не дава гаранција дека лицето под старателство правилно ќе го воспита и одгледа и

4) од кое, со оглед на неговото порачешно и сегашно поведение, личните својства и односите со лицето под старателство и неговите родители, не може да се очекува дека правилно ќе ја врши старателската функција.

Член 140

Центарот за социјална работа во решението со кое го поставува старателот, ги определува неговите должности и обемот на неговите овластувања.

Центарот за социјална работа пред да го донесе решението од став 1 на овој член, го запознава старателот со значењето на старателството, со неговите права и должности и со другите поважни податоци потребни за вршење на должноста старател

Центарот за социјална работа на старателот му издава старателска исправа во која е содржан обемот на неговите овластувања.

Член 141

За стаување под старателство и за престанок на старателството центарот за социјална работа го известува матичарот во рок од 15 дена од денот на правосилноста на решението.

Ако лицето ставено под старателство има недвижен имот центарот за социјална работа ќе го извести и надлежниот орган кој ги води книгите за евиденција на недвижностите.

Член 142

Старателот е должен во рамките на своите овластувања совесно да се грижи за личноста и за правата и интересите на лицето под старателство и совесно да управува со неговиот имот.

Старателот не може без претходно одобрение од центарот за социјална работа да презема работи кои ги минуваат рамките на редовното работење или управување со имотот на лицето под старателство.

Старателот не може да дава подароци или да прави други расположенија со имотот на лицето под старателство без надомест и не може лицето под старателство да го обврзува како гарант.

Член 143

Ако лицето под старателство има имот, центарот за социјална работа ќе донесе решение да се изврши попис и процена и имотот да се предаде на старателот на управување.

Пописот и проценатa на имотот на лицето под старателството го врши комисија именувана од центарот за социјална работа.

На пописот и проценатa на имотот на лицето под старателство задолжително присуствуваат старателот и лицето под старателство, ако е во состојба да сфати за што се работи, како и лицата во чие владение е имотот на лицето под старателство.

Член 144

По исклучок на член 142 на овој закон, центарот за социјална работа, може да изврши попис и процена на имотот и да преземе други мерки за обезбедување на имотот на лицето кое се става под старателство и пред донесување на решение за стаување под старателство, доколку за тоа постојат оправдани причини.

Во случај на непосредна опасност по имотот на лицето под старателство во поглед на неговиот недвижен имот, центарот за социјална работа може и пред пописот и проценатa на имотот да побара од судот заверка во јавните книги за евиденција на недвижности за поведување на отстапка за стаување на тоа лице под старателство.

Член 145

Ако лицето под старателство има имот надвор од подрачјето на надлежниот центар за социјална работа, центарот за социјална работа грижата за тој имот може да му ја довери на центарот за социјална работа на чие подрачје се наоѓа имотот.

Центарот за социјална работа на кого му е доверена грижата за имотот може да определи посебен старател над тој имот или да се грижи за него непосредно.

Органот од став 2 на овој член е должен еднаш годишно да го известува надлежниот центар за социјална работа за состојбата на имотот.

Решавањето за располагање со имотот од став 1 на овој член го задржува надлежниот центар за социјална работа.

Член 146

Старателот е должен со помош на центарот за социјална работа да презема потребни мерки за обезбедување средства неопходни за спроведување на мерките кои во интерес на лицето под старателство ги определил центарот за социјална работа.

Член 147

Старателот, само со одобрение на центарот за социјална работа, може да ги презема во име и за сметка на лицето ставено под старателство следниве работи:

1) да го отуѓи или оптовари недвижниот имот;

2) да отуѓи движни предмети од поголема и од посебна лична вредност или да располага со имотни права од поголема вредност;

3) да се откаже од наследство или од легат или да одбие подарок и

4) да презема други мерки определени со закон.

Центарот за социјална работа во постапката за давање на одобрение за старателот во поглед на располагањето и управувањето со имотот, односно со правата на лицето под старателство, ја определува наменатa на прибавените средства и врши надзор над нивната употреба.

Член 148

Старателот не може да го застапува лицето под старателство во правни дела во кои како друга странка учествува брачниот другар или близок роднина на старателот, туку за таков случај центарот за социјална работа ќе му постави на лицето под старателство друг старател или самиот ќе го застапува.

Член 149

Старателот може без одобрение од центарот за социјална работа да отуѓи плодови, ситна стока, предмети што се подложни на брзо расипување и други предмети, доколку е тоа во рамките на редовното работење и управување со имотот.

Паричните средства добиени со продажба на предметите од став 1 на овој член можат да се користат само за задоволување на потребите на лицето под старателство.

Член 150

Старателот може за работи за кои не е потребно одобрение да бара совет од центарот за социјална работа, кој е должен таков совет да даде.

Центарот за социјална работа е должен на старателот да му укаже помош во вршење на работите кои тој не е во можност самиот да ги изврши, а особено во составување на подавки, во застапување пред судот и пред други органи.

Член 151

Старателот, лицето, другото семејство и установа во која е сместено лицето под старателство се должни на центарот за социјална работа да му доставуваат извештај за својата работа секоја година, како и тогаш кога тоа тој ќе го побара.

Во случај старателството да го врши непосредно центарот за социјална работа извештај за работата е должен да поднесе неговиот работник или друго лице кое во името на центарот за социјална работа ги врши работите на старателството.

Извештајот се поднесува писмено или усмено на записник.

Од извештајот на старателот треба да се види неговата грижа за лицето ставено под старателство, а особено за неговото здравје, издржувањето и оспособувањето за самостоен живот, а кај малолетните лица под старателство и за нивното воспитание и образование, како и за сè друго што е од значење за личноста на лицето под старателство.

Извештајот од ставовите 1 и 2 на овој член треба да содржи и податоци за управувањето и располагањето со имотот на лицето под старателство и за сите приходи и расходи на лицето под старателство во изминатата година, како и за крајната состојба на неговиот имот.

Член 152

Старателот ги врши своите должности, по правило без надоместок.

Центарот за социјална работа може на старателот да му определи и надомест како награда, ако вложил дополнителен труд и се истакнал во вршењето на своите должности.

Висината на надоместокот на трошоците за старателот од став 3 на овој член ја утврдува центарот за социјална работа.

Наградата и надоместокот на трошоците ги одобрува центарот за социјална работа од приходот на лицето под старателство, а доколку со тоа би се загрозило издржувањето на лицето под старателство тие трошоци ќе паднат на товар на буџетот на Републиката.

Член 153

Старателот е должен да му ја надомести штетата на лицето под старателство што му ја сторил со неправилно, несовесно или невнимателно вршење на должноста.

Центарот за социјална работа го утврдува износот на штетата и го повикува старателот во определен рок штетата да ја надомести. Доколку старателот не ја надомести утврдената штета во определениот рок центарот за социјална работа непосредно ја надоместува штетата на лицето под старателство.

Центарот за социјална работа може кај надлежниот суд да бара од старателот надомест на исплатениот износ од став 2 на овој член.

Заради обезбедување на правата на лицето под старателство, повредени со работењето на старателот, центарот за социјална работа е должен спрема старателот да преземе и други мерки предвидени со закон.

Член 154

Ако старателот умре или самоволно престане да ја врши старателската должност или ако настанат околности кои го спречуваат старателот да ја врши својата должност, центарот за социјална работа е должен, без одлагање, да преземе мерки на заштита на интересите на лицето под старателство и да му постави нов старател.

Член 155

Центарот за социјална работа ќе го ослободи од вршење на старателската должност ако тоа тој самиот го побара, водејќи сметка за интересите на лицето под старателство, но најдоцна во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето.

Центарот за социјална работа ќе го смени старателот ако утврди дека во вршењето на должноста тој е невнимателен, ги злоупотребува овластувањата, дека со неговата работа се загрозуваат интересите на лицето под старателство или ако смета дека за лицето под старателство е покорисно да му се постави друг старател.

Член 156

Кога на старателот ќе му престане старателската должност согласно со одредбите на член 155 од овој закон, центарот за социјална работа е должен веднаш да ги преземе сите потребни мерки за заштита на интересите на лицето под старателство и да му постави нов старател.

Старателот на кого му престанала старателската должност, должен е на центарот за социјална работа да му поднесе извештај и сметка за своето работење и на новиот старател да му ја предаде должноста со записник во рокот што ќе го одреди центарот за социјална работа, но не повеќе од 30 дена.

Член 157

Во случај на престанок на потребата за старателство Центарот за социјална работа ќе го повика старателот во определен рок да поднесе извештај за работата и за состојбата на имотот на лицето под старателство, како и да го предаде имотот на управување на лицето кое било под старателство, односно на родителот или на посвоителот.

Предавањето на имотот се врши во присуство на старателот, лицето кое било под старателство, односно на родителот или посвоителот и на претставник на центарот за социјална работа.

Член 158

Центарот за социјална работа е должен да преземе мерки за обезбедување на правата и интересите на лицето под старателство што произлегуваат од работењето на старателот, како и мерки за заштита на правата и на интересите и на други лица кои произлегуваат од односите на старателството.

III. СТАРАТЕЛСТВО НАД МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Член 159

Под старателство ќе се стави малолетно лице без родителска грижа.

Дете без родителска грижа е дете чии родители не се живи кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чии родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности.

Член 160

Старателот на малолетно лице е должен да се грижи како родител за личноста на малолетникот, а особено за неговото здравје, воспитание, образование и оспособување за самостоен живот и работа.

Член 161

Старателот може само со одобрение на центарот за социјална работа:

– да го прекине образованието на малолетникот или да го промени видот на образованието;

– да одлучи за изборот, вршењето или промената на занаетот на малолетникот и

– да преземе и други мерки во поглед на личноста на малолетникот определени со закон.

Член 162

Малолетник под старателство кој наполнил 15 години од животот може сам, без одобрение на старателот, да заснова работен однос и слободно да располага со остварената плата, при што е должен сам да придонесува за своето издржување, воспитание и стручно оспособување.

Малолетнк од став 1 на овој член може сам да презема правни работи за кои, доколку се од поголемо значење, потребно е одобрение од неговиот старател.

За работите од член 161 на овој закон кои старателот не може сам да ги преземе, потребно е согласност од центарот за социјална работа.

Член 163

Старателството над малолетно лице престанува со неговото полнолетство, со склучување на брак, со посвојување или кога ќе престане било која од причините утврдено во член 159 став 2 на овој закон.

Центарот за социјална работа ќе продолжи да му дава помош на лицето на кое старателството му престанало поради полнолетство ако тоа, додека траело старателството, од оправдани причини не можело да се оспособи за самостоен живот и работа.

Член 164

Ако и по полнолетството, поради пречки во психичкиот развој лицето не е способно само да се грижи за себе и за своите права и интереси, старателот или центарот за социјална работа ќе поведат постапка тоа лице по друг основ да биде ставено под старателство.

IV. СТАРАТЕЛСТВО НАД ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ОДЗЕМЕНА ИЛИ ОГРАНИЧЕНА ДЕЛОВНАТА СПОСОБНОСТ

Член 165

Лицата на кои со одлука на судот делумно или целосно им е одземена деловната способност, центарот за социјална работа ги става под старателство.

Деловната способност е способност на лице да изрази правно релевантна волја за учество во правниот промет.

Член 166

Правосилното решавање за одземање, односно ограничување на деловната способност судот веднаш го доставува до центарот за социјална работа кој, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, го става лицето под старателство.

Член 167

Старателот на лице на кое му е одземена или ограничена деловната способност, должен е да се грижи особено за неговата личност, права, интереси, сместување и здравје, имајќи ги предвид причините поради кои на лицето му е одземена, односно ограничена деловната способност, настојувајќи тие да бидат отстранети, а лицето да се оспособи за самостоен живот и работа.

Член 168

Старателот на лице на кое му е одземена деловната способност ги има правата и должностите на старател на малолетно лице кое нема наполнето 15 години живот.

Старателот на лице на кое му е ограничена деловната способност има должности и права на старател на малолетно лице кое има наполнето 15 години живот.

Член 169

Судот е должен веднаш да го извести центарот за социјална работа кога ќе се поведе постапка за одземање на деловната способност на лицето.

Центарот за социјална работа во постапката за одземање на деловната способност на лицето може на тоа лице да му постави привремен старател, ако најде дека е тоа потребно.

Должноста привремен старател престанува веднаш штом ќе се постави постојан старател или штом решението на судот со кое се одбива предлогот за одземање на деловна способност ќе стане правосилна.

Член 170

Привремениот старател има исти права и должности како старател над малолетно лице кое навршило 15 години живот.

Центарот за социјална работа може, ако е тоа потребно, да ги прошири правата и должностите на привремениот старател како на старател над малолетно лице кое не навршило 15 години живот.

Член 171

Ако старателот утврди дека кај лицето на кое му е одземена деловната способност настанале околности кои упатуваат на потреба за враќање на деловната способност, односно за измена на поранешната одлука, тој е должен, без одлагање, за тоа да го извести центарот за социјална работа.

Член 172

Старателството над лице на кое му е одземена деловната способност престанува кога со решение на судот ќе му се врати деловната способност.

V. СТАРАТЕЛ ЗА ПОСЕБНИ СЛУЧАИ

Член 173

Центарот за социјална работа ќе му постави старател за одделни работи или определен вид работи на лице чие место за живеење не е познато, а кое нема застапник, на непознат сопственик на имот кога е потребно некој да се грижи за тој имот, како и во други случаи кога е тоа потребно заради заштита за правата и интересите на одделни лица.

Старател на лицата од став 1 на овој член, под услови утврдени со закон, може да постави и органот пред кој се води постапката. Овој орган е должен за тоа без одлагање да го извести центарот за социјална работа.

Центарот за социјална работа спрема старателот поставен во смисла на став 2 на овој член ги има сите овластувања како и спрема старателот кого сам го поставил.

Член 174

Центарот за социјална работа може да постави посебен старател на:

– лице над кое родителите го вршат родителското право за водење спор меѓу него и неговите родители, за склучување на одделни правни дела меѓу нив, како и во други случаи кога нивните интереси се во спротивност и

– лице под старателство за водење спор меѓу него и старателот, за склучување правни дела меѓу нив, како и во други случаи кога нивните интереси се во спротивност.

Кога меѓу малолетници над кои исто лице врши родителско право или меѓу лица кои имаат ист старател треба да се води спор или да се склучи правно дело во кое интересите на малолетните, односно на лицата под старателство се во спротивност, центарот за социјална работа на секое од нив ќе постави посебен старател за водење на спорот, односно склучување на правното дело.

Кога родителите, старателите и државните органи во вршењето на должноста, ќе дознаат за случаите од

став 2 на овој член, должни се за тоа да го известат центарот за социјална работа.

Член 175

Центарот за социјална работа во случаи предвидени со овој закон, ќе преземе потребни мерки за заштита на личноста, правата и интересите на странски државјани додека органот на државата, чиј државјанин е тој, не донесе потребно решение и не преземе определени мерки.

Член 176

На барање на лице кое поради болест, старост или од други оправдани причини не е способно само да се грижи за себе за своите права и правни интереси, центарот за социјална работа може да му постави старател за одделни работи или за определен вид работи.

На барање на лицето од став 1 на овој член центарот за социјална работа ќе донесе решение за престанок на старателството.

Член 177

При поставувањето на старател според одредбите на членовите 175 и 176 од овој закон, центарот за социјална работа обемот на должностите и правата на старателот, го определува во зависност од околностите на секој одделен случај.

ШЕСТИ ДЕЛ

ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 178

Издржувањето на членовите на семејството и на другите роднини е нивно право и должност.

Во случаите во кои меѓусебното издржување на членовите на семејството и на другите роднини не може да се оствари во целост или делумно, Републиката на необезбедените членови на семејството им обезбедува средства неопходни за издржување под услови определени со закон.

Откажувањето од правото на издршка нема правно дејство.

1. Издржување на децата, на родителите и на другите роднини

Член 179

Родителите се должни да ги издржуваат своите малолетни деца.

Ако школувањето и стручното образование на децата продолжува и по полнолетството, родителите се должни, понатаму да ги издржуваат децата до редовното завршување на школувањето, но најдоцна до навршување на 26 годишна возраст.

Ако полнолетното лице е неспособно за работа поради болест, физички или психички недостаток, а нема доволно средства за живот и не може да ги добие од својот имот, родителите се должни да го издржуваат додека трае таа неспособност.

Член 180

Обврската за издржување постои и меѓу други роднини во права линија, како и меѓу браќа и сестри во поглед на издржувањето на малолетните браќа и сестри, а во однос на полнолетните браќа и сестри само под условите на член 179 став 3 на овој закон.

Член 181

Децата се должни да ги издржуваат своите родители кои се неспособни за работа, а немаат доволно средства за издржување или средствата за издржување не можат да ги остварат од својот имот.

По исклучок, судот може да го одбие барањето за издржување кога издржување бара родител, на кој му било одземено родителското право, иако детето за тоа има можности или ако судот, ценејќи ги сите околности на случајот, најде дека тоа би била очигледна неправда за детето.

Член 182

Очувот и мајката се должни да ги издржуваат своите малолетни пасиноци, освен ако тие имаат роднини кои според овој закон се должни да ги издржуваат и ако тие роднини за тоа имаат можности.

Обврската на очувот, односно мајката да ги издржуваат своите малолетни пасиноци, постои и по смртта на родителот на детето, со кого очувот, односно мајката бил во брак ако до моментот на смртта постоела семејна заедница меѓу очувот, односно мајката и пасиноците.

Ако бракот меѓу родителот и очувот, односно мајката на детето е поништен или разведен, обврската за издржување на очувот, односно на мајката спрема пасинокот престанува.

Член 183

Пасиноците се должни да го издржуваат својот очув, односно мајката ако тие подолго ги издржувале и се грижеле за нив. Ако очувот, односно мајката имаат свои деца, обврската на пасиноците е заедничка со тие деца.

Член 184

Лицата кои според овој закон се должни меѓусебно да се издржуваат ја даваат издршката по оној ред по кој давателите на издржувањето доаѓаат на наследство.

Ако обврската за издржување паѓа на товар на повеќе лица заедно, тогаш таа се дели меѓу нив според нивните можности.

2. Издржување на брачен другар

Член 185

Брачниот другар кој нема доволно средства за издржување и е неспособен за работа или е без работа без своја вина, има право на издржување од својот брачен другар сразмерно со неговите можности.

Судот може, земајќи ги предвид сите околности на случајот, да го одбие барањето за издржување ако издржување бара брачниот другар кој злонамерно или без оправдани причини го напуштил својот брачен другар.

Член 186

Под условите од член 186 на овој закон необезбеденият брачен другар има право да бара, со пресудата со која бракот се разведува, да му се досуди извесен износ на име на издржување на товар на другиот брачен другар сразмерно со неговите можности.

По исклучок од одредбата од став 1 на овој член, брачниот другар може со посебна тужба, во рок од една година по престанокот на бракот, да бара издржување само ако условите за издржување утврдени во член 185 од овој закон постоеле во моментот на заклучувањето на главната расправа на постапката за разводот на бракот и непрекинато траеле до заклучување на главната расправа во постапката за издржување.

Член 187

Судот може да го одбие барањето за издржување ако издржување бара брачен другар, кој без сериозен повод од страна на другиот брачен другар, грубо и недолично се однесувал во брачната заедница или ако неговото барање би претставувало очигледна неправда за другиот брачен другар.

Член 188

Судот може да го одбие барањето за издржување, ако брачните другари во подолг период на одвоен живот, наполно самостојно, обезбедувале средства за своето издржување или ако од околностите на случајот, се утврди дека брачниот другар кој бара издржување, не е доведен во потешка материјална положба од онаа во која се наоѓал во моментот на склучување на брак

Член 189

Правото на издршка на необезбеденият поранешен брачен другар трае најмногу пет години по разводот на бракот или по поништување на бракот.

По барање на брачниот другар, судот може да го продолжи правото на издржување и по истекот на рокот од став 1 на овој член, ако утврди дека за тоа постојат оправдани причини, а особено ако необезбеденият брачен другар, ни по истекот на тој временски период, не ќе биде способен самиот да се издржува.

Член 190

Судот може обврската за издржување да ја определи да трае и помалку од пет години кога постојат претпоставки дека барателот на издржувањето е во можност во догледно време на друг начин да си обезбеди средства за издржување.

Во случај кога бракот траел кратко време судот може, ценејќи ги сите околности, да одлучи обврската за издржување да трае определено време или барањето за издржување во целост да биде одбиено без оглед дали барателот на издржувањето, во догледно време може да си обезбеди средства за издржување, доколку тој не одгледува заедничко малолетно дете. Притоа судот посебно ќе цени дали имотните прилики на брачниот другар се измениле во врска со склучување на бракот

Во оправдани случаи судот може обврската за плаќање на издршката да ја продолжи на неопределено време.

Тужбата за продолжување на обврската за издржување може да се поднесе само до истекот на времето за кое издржувањето е досудено.

Член 191

Правото на поранешниот брачен другар на издржување престанува кога ќе престанат условите од член 185 на овој закон, кога ќе истече времето за кое е досудено издржувањето и кога поранешниот брачен другар кој добива издржување ќе склучи нов брак, односно ќе стапи во вонбрачна заедница.

Член 192

Во случај на поништување на брак, брачниот другар кој во времето на склучувањето на бракот не знаел за причината за ништавност може да бара на товар на другиот брачен другар да му се досуди издржување, под условите под кои разведениот брачен другар може да го остварува правото на издржување.

Член 193

При одлучување за издржување на лице од вонбрачна заедница соодветно се применуваат одредбите од овој закон што се однесуваат на издржување на брачните другари.

3. Определување на издршка

Член 194

При утврдување на потребата за издржување на лицето, судот ќе ја земе предвид неговата имотна состојба, способноста за работа, можноста за вработување, здравствената положба, како и другите околности од кои зависи оцената за неговите потреби.

Кога издршката се определува за дете, судот ќе ја земе предвид и возраста на детето, како и потребите за неговото школување.

При утврдување на можностите на лицето кое е должно да дава издржување, судот ќе ги земе предвид сите негови приходи и вистинските можности за стекнување на заработка и неговите сопствени потреби и законски обврски по основ на издржувањето спрема други лица.

Член 195

Во спорот на родителите околу издржувањето на детето, судот како придонес за издржување на детето на родителот на кого детето му е доверено на чување и воспитание, ќе ги цени работата и грижата на тој родител кој ги внесува во воспитанието и подигањето на детето

Член 196

Висината на издржувањето судот може да ја определи во определен износ или во процент од оствареният личен доход, односно од приходите и примањата остварени од вршење на друг вид дејност.

Член 197

Центарот за социјална работа може во име на малолетното дете да поведе спор за издржување, односно за зголемување на издржувањето, кога родителот кај кого детето се наоѓа на чување и воспитание, без оправдани причини, не го користи тоа право.

Ако родителот не бара извршување на досуденото издржување, центарот за социјална работа може во името на малолетното лице да поднесе предлог за извршување.

Член 198

Центарот за социјална работа ќе настојува родителите да се спогодат за издржувањето на детето, односно за зголемување на придонесот во издржување на детето кога тоа го бараат зголемените потреби на детето или тоа го овозможуваат подобрените материјални прилики на давателот на издржувањето.

Член 199

Центарот за социјална работа може, со полномошно на стари лица во нивно име да поведе и води спор за остварување на правото на издржување спрема лицата кои според одредбите на овој закон се должни да ги издржуваат.

Член 200

Лицето кое е должно да дава издржување, освен за обврската на родителот спрема малолетни деца, може по свој избор да плаќа определен паричен износ на име на издржувањето или лицето да го земе на издржување кај себе или да му обезбеди издржување на друг начин.

Лицето кое има право на издржување може од оправдани причини да бара издржувањето да му се обезбеди само во пари.

Член 201

Заинтересираното лице може да бара судот да го зголеми, да го намали или да го укине издржувањето досудено со поранешна правосилна пресуда ако се измениле околностите врз основа на кои е донесена пресудата.

Член 202

Давателот на издршката (орган, организација, заедница или физичко лице) може од лицата кои според овој закон биле должни да даваат издршка, со тужба да бара надоместок на сторените трошоци за издршка на лицето, доколку тие биле оправдани.

СЕДМИ ДЕЛ

ИМОТНИ ОДНОСИ

I. ИМОТНИ ОДНОСИ НА БРАЧНИТЕ ДРУГАРИ

1. Имот на брачните другари

Член 203

Имотот на брачните другари може да биде посебен и заеднички

Член 204

Имотот кој едниот брачен другар го имал во времето на склучувањето на бракот претставува негов посебен имот.

Како посебен имот ќе се сметаат и имотот и правото врз имотот што брачниот другар ќе го добие по основа на наследство, легат и подарок, како и предметите стекнати во бракот, а кои исклучиво служат за задоволување на личните потреби на еден од брачните другари, доколку не претставуваат несразмерно голема вредност во споредба со вредноста на вкупниот заеднички имот.

Секој брачен другар самостојно управува и располага со посебниот имот, доколку брачните другари поинаку не се договорат.

Член 205

Имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на бракот претставува нивен заеднички имот

Член 206

Правото на сопственост на брачните другари врз недвижности кои се нивен заеднички имот, во смисла на член 205 од овој закон се запишува во јавните книги на името на двајцата брачни другари како нивен заеднички имот.

Ако во јавните книги како сопственик на заедничкиот имот е запишан само едниот од брачните другари, ќе се смета дека уписот е извршен на името на двајцата брачни другари.

Ако во јавните книги се запишани двајцата брачни другари како сосопственици на определени делови, ќе се смета дека на тој начин извршиле делба на заедничкиот имот.

2. Управување и располагање со имотот

Член 207

Брачните другари заеднички и спогодбено управуваат и располагаат со заедничкиот имот.

Со својот дел во заедничкиот имот брачниот другар не може самостојно да располага, ниту да го товари со правно дело меѓу живите.

Член 208

Брачните другари можат да се договорат управувањето и располагањето со заедничкиот имот или со дел од него да го врши едниот од нив.

Договорот може да се однесува на сите работи на управување и располагање или само на редовното управување или на точно определени работи.

Кога не е поинаку договорено, управувањето опфаќа и располагање во рамките на редовното работење.

Секој брачен другар може да го раскине договорот за управување или располагање со заедничкиот имот во секое време, освен кога со раскинувањето очигледно му се нанесува штета на другиот брачен другар.

Член 209

Во вршењето на работите кои ги надоместуваат во рамките на редовното управување со имотот потребна е согласност на другиот брачен другар, изразена во форма која се бара за соодветното правно дело.

Член 210

Ако за управувањето со заеднички имот или за одделна работа во врска со управувањето, брачните другари не можат да се спогодат, а ниту еден од нив не бара делба, судот во вонпроцесна постапка може на предлог на еден од брачните другари, да определи потребни мерки кои се однесуваат на управувањето.

3. Делба на заедничкиот имот

Член 211

За време на траењето и по престанокот на бракот, брачните другари можат спогодбено да го поделат заедничкиот имот или да побараат од судот тој тоа да го стори.

Со делбата на заедничкиот имот меѓу брачните другари настанува режим на посебен имот.

Член 212

Ако не дојде до спогодба, делбата на заедничкиот имот, на барање на еден од брачните другари ја врши судот во вонпроцесна постапка.

При утврдувањето на деловите на брачните другари во заедничкиот имот судот тргнува од фактот дека заедничкиот имот на брачните другари се дели на еднакви делови.

По барање на еден од брачните другари, судот може да му определи поголем дел од заедничкиот имот, ако тој докаже дека неговиот придонес во заедничкиот имот очигледно и значително е поголем од придонесот на другиот брачен другар.

Член 213

При делбата на заедничкиот имот, на барање на брачниот другар во неговиот дел првенствено ќе се внесат оние предмети од заедничкиот имот кои служат за вршење на неговиот занает, односно дејност.

Од заедничкиот имот ќе се издвојат и ќе му се предадат на брачниот другар, покрај неговиот дел и оние предмети стекнати со работа во текот на брачната заедница, кои служат исклучиво за негова лична употреба.

Ако вредноста на предметите од ставовите 1 и 2 на овој член е несразмерно голема во однос на вредноста на сиот заеднички имот ќе се изврши делба и на тие предмети, освен ако брачниот другар кој овие предмети би требало да ги добие не ја надомести на другиот брачен другар соодветната вредност или на другиот брачен другар, со негова согласност, не му отстапи други предмети.

Член 214

На брачниот другар на кого му се доверени заедничките деца на чување и воспитание му се даваат, покрај неговиот дел, и предметите кои им служат на децата или се наменети само за нивна непосредна употреба.

При делбата на заедничкиот имот на брачниот другар на кого се доверени заедничките деца на чување и воспитание му се доделуваат и оние предмети за кои е очигледно дека е во интерес да бидат во посед и во сопственост на брачниот другар на кого децата му се доверени.

Член 215

Ако при делбата на заедничкиот имот се утврди дека на еден од брачните другари му припаѓа значително помал дел, судот може на барање на еден од брачните другари да определи тој дел на тој брачен другар, да му се надомести во пари.

4. Одговорност за долговите спрема трети лица

Член 216

За обврските што еден брачен другар ги имал пред склучување на бракот, како и за обврските што ќе ги прими по склучувањето на бракот, не одговара другиот брачен другар.

Брачните другари одговараат солидарно за обврските што едниот брачен другар ги примил спрема трети лица за намирување на тековните потреби на брачната заедница, како и за обврските што според општите прописи ги товарат обата брачни другари.

Брачниот другар кој од својот посебен имот ја исполнил солидарната обврска има право да бара другиот брачен другар да му го надомести делот на обврската што паѓа на него.

Член 217

Подароците што брачните другари ги направиле еден на друг пред склучувањето на бракот или во текот на бракот не се враќаат.

II. ИМОТНИ ОДНОСИ НА ВОНБРАЧНИ ДРУГАРИ

Член 218

Имотот кој вонбрачните другари ќе го стекнат во вонбрачна заедница се смета за нивни заеднички имот.

При делбата на тој имот соодветно се применуваат одредбите за делба на заедничкиот имот на брачните другари.

III. ИМОТНИ ОДНОСИ НА РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

Член 219

Малолетни деца можат да имаат свој имот кој ќе го стекнат на со закон определен основ. Со тој имот, освен со оној што малолетникот го стекнал со работа, до неговото полнолетство управуваат и располагаат родителите на малолетникот, на начин утврден со овој закон.

Член 220

Ако родителите не живеат заедно, со имотот на детето управува родителот со кого детето живее, ако центарот за социјална работа на предлог на другиот родител, не одлучи поинаку.

Член 221

Приходите од имотот на своето дете родителите можат да ги употребуваат првенствено за негово издржување, воспитание и образование, како и за неопходните потреби на семејната заедница, доколку сами немаат доволно сопствени средства.

Родителите можат со одобрение на центарот за социјална работа да го отуѓат или оптоварат имотот на своето дете заради негово издржување, воспитание и образование или ако тоа го бараат некои други интереси, како и кога тоа го бараат неопходни потреби на семејната заедница.

ОСМИ ДЕЛ

СУДСКИ ПОСТАПКИ

I ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

Член 222

Во постапките во кои судот одлучува во брачните, семејните и други спорови од овој закон се применуваат одредбите на Законот за процесната постапка и Законот за извршната постапка, ако со овој закон не е поинаку определено.

Член 223

Во споровите од член 222 на овој закон, кога странките имаат заеднички малолетни деца или деца над кои е продолжено родителското право, постапката е итна.

Член 224

Во постапките од член 222 на овој закон јавноста е исклучена како на рочиштето за главна расправа, така и на рочиштето за обид за мирење.

По исклучок, претседателот на советот, може да дозволи на рочиштето за главна расправа да присуствуваат научни и јавни работници, кои се занимаваат со проблемите на бракот и семејството, како и лица кои странките ќе ги предложат.

Претседателот на советот може во согласност со странките да дозволи присуство на лицата од став 2 на овој член и на рочиштето за обид за мирење.

Член 225

Во споровите од член 222 на овој закон не е дозволено изречување на пресуда поради изостанок или пресуда врз основа на признание или пресуда врз основа на откажување, а е исклучено и судско поравнување, освен во споровите за издршка.

Член 226

Во споровите од член 222 на овој закон, постапката во прв степен ја води и одлуките ги донесува совет составен од еден судија и двајца судии поротници, а во втор степен совет од тројца судии.

Во постапката за спогодбен развод на брак може одлука да донесе и судија поединец под условите определени со овој закон.

Член 227

Кога судот одлучува по вонреден правен лек, одлучува во совет од пет судии.

II. ПОСТАПКА ВО БРАЧНИ СПОРОВИ

Член 228

Во брачните спорови покрај судот од општата месна надлежност, месно надлежен е и судот на чија територија брачните другари имале последно заедничко живеалиште.

Член 229

Процесната постапка во брачните спорови се поведува со тужба.

Ако брачните другари бараат бракот да се разведе по заемна согласност, процесната постапка се поведува со тужба со спогодбен предлог за развод на бракот.

Член 230

Правото на тужба за поништување на бракот и за развод на бракот не преоѓа на наследниците.

Наследниците од умрениот брачен другар кој ја поднел оваа тужба можат да бараат утврдување дека тужбата за поништување, односно за развод на бракот била основана.

Барањето од став 1 на овој член може да се истакне во процес кој е веќе започнат од умрениот брачен другар, ако од неговата смрт не поминало повеќе од шест месеци. По истекот на овој рок постапката се запира.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член соодветно ќе се применуваат и кога постапката е покрената по предлог за спогодбен развод на брак.

Член 231

Ако брачниот спор се поведува преку полномошник, во полномошното треба да биде назначено видот на тужбата и причините поради кои тужбата може да се поднесе.

Член 232

За лицата од член 18 ставови 1 и 2 на овој закон, тужба може да поднесе неговиот старател само по претходна дозвола од центарот за социјална работа.

Член 233

Тужениот може од своја страна да поднесе тужба за поништување на брак или за развод на брак кај судот кај кој е тужен (противтужба).

Одлуките за двете тужби ќе се донесат со една пресуда.

Член 234

Во споровите за развод на брак тужителот може да ја повлече тужбата до заклучување на главната расправа без согласност на тужениот, а со согласност на тужениот додека постапката правосилно не е завршена.

Откажување од тужбеното барање има правно дејство како повлекување на тужба.

Член 235

Кога тужителот ја повлекол тужбата согласно со член 234 на овој закон судот ќе донесе решение со кое тоа ќе го утврди.

Ако тужбата е повлечена по донесување на првостепена пресуда, првостепениот суд со решение ќе констатира дека тужбата е повлечена, дека пресудата е без правно дејство и дека постапката се запира.

Изјавата за повлекување на тужбата се упатува до првостепениот суд и кога постапката, по правен лек, е во тек. Во таков случај првостепениот суд ќе ги побара списите од второстепениот суд и ќе донесе решение во смисла на став 2 на овој член.

Ако изјавата за повлекување е дадена пред повисокиот суд, тој суд ќе му ја достави заедно со списите на надлежниот првостепен суд.

Против решението од став 2 на овој член странките имаат право на жалба.

Член 236

Предлогот за спогодбен развод на брак, брачните другари можат да го повлечат сé додека постапката правосилно не е завршена. Ќе се смета дека предлогот е повлечен и тогаш кога од предлогот ќе се откаже еден [illegible] од брачните другари.

Предлогот за спогодбен развод на брак може да се повлече со поднесок или на записник пред судот.

Во случаите од став 1 на овој член судот донесува решение за запирање на постапката.

Ако постапката се води пред второстепениот суд се применува одредбата од став 2 на член 235 од овој закон.

Член 237

По приемот на тужбата за развод на брак или на предлогот за спогодбен развод на бракот, пред доставувањето на тужбата на тужениот, се спроведува постапка за мирење на брачните другари.

Постапката за мирење на брачните другари нема да се спроведе ако:

1) еден од брачните другари е неспособен за расудување;

2) еден или обата брачни другари живеат во странство,

3) едниот брачен другар е со непознато место на живеење подолго од шест месеци и

4) по противтужба за развод на брак, без оглед кога е таа поднесена, а обидот за мирење на брачните другари по тужбата завршил безуспешно.

Ако брачните другари имаат заеднички малолетни деца или деца над кои е продолжено родителското право, постапката за мирење ја спроведува центарот за социјална работа.

Во случаите од став 3 на овој член, судот во рок од осум дена доставува писмено известување до центарот за социјална работа, со податоци кога постапката за развод на брак е поведена, основните причини поради кои се бара развод на бракот и податоци за децата. Центарот за социјална работа е должен во рок од три месеци од приемот на известувањето, да ја заврши постапката за мирење на брачните другари

Ако брачните другари немаат заеднички малолетни деца или деца над кои е продолжено родителското право, постапката за мирење на брачните другари ја спроведува судот, ако истиот не оцени дека е целисходно мирењето да се отстапи на центарот за социјална работа.

Постапката за мирење на брачните другари пред центарот за социјална работа се уредува со закон.

Член 238

Кога постапката за мирење на брачните другари ја спроведува судот, претседателот на советот закажува посебно рочиште.

Рочиштето за мирење се одржува само во присуство на претседателот на советот, без присуство на записничар.

Член 239

Рочиштето за обид за мирење е посебно рочиште и тоа не смее да се спои со рочиштето за главна расправа

Член 240

На рочиштето за обид за мирење се повикуваат двајцата брачни другари лично да присуствуваат.

Ако постапката за развод на брак е поведена со тужба, а еден или двајцата брачни другари, уредно поканети, не дојдат на рочиште за обид за мирење, ќе се смета дека мирењето не успеало.

Ако постапката е поведена со предлог за спогодбен развод на бракот, а еден или двајцата брачни другари не дојдат на рочиште за обид за мирење, а не го оправдаат своето отсуство, ќе се смета дека предлогот бракот да се разведе по заемна согласност е повлечен.

Во поканата за рочиштето за мирење ќе се наведе дека ќе настанат последици од ставовите 2 и 3 на овој член.

Член 241

Ако на рочиштето за обид за мирење не дојде до помирување на брачните другари, а се оцени дека има изгледи да дојде до помирување, односно дека не е добиено цврсто уверување дека натамошното мирење е залудно, може да се определи ново рочиште за обид за мирење.

Член 242

При обидот за мирење ќе се настојува да се испитаат причините што довеле до поведување на постапка за развод на бракот, ќе се обиде да се измират брачните другари, а по потреба ќе им се препорача да се обратат на предбрачното и брачното советувалиште или друга установа која може да им даде потребен совет.

Член 243

Кога ќе оцени дека тоа е во интерес на мирењето, претседателот на советот може да води разговор одделно со секој брачен другар.

Член 244

На рочиштето за обид за мирење, како и во текот на целата постапка за развод на брак, судот соработува со центарот за социјална работа

Член 245

За одржаното рочиште за мирење претседателот на советот составува службена белешка

Член 246

Ако обидот за мирење не успее, претседателот на советот, закажува рочиште за главна расправа и на тужениот му ја доставува тужбата за развод на брак, укажувајќи на присутната странка на последиците од недоаѓање утврдени во член 254 од овој закон

Член 247

Во поканата за рочиште за главна расправа ќе се наведе, дека за тужителот ќе настанат последици од член 254 на овој закон ако не дојде на првото рочиште за главна расправа.

За недоаѓање на наредните рочишта ќе се применат одредбите за мирување на постапката согласно со Законот за процесната постапка.

Член 248

Претседателот на советот не мора да закаже рочиште за главна расправа ако мирењето не успеало, а е поведена постапка за развод на брак со предлог за спогодбен развод на брак на брачни другари кои немаат заеднички деца.

Во случај од став 1 на овој член, претседателот на советот, откако ќе утврди дека брачните другари, заемната согласност за развод на бракот ја донеле слободно, сериозно и непоколебливо, донесува пресуда со која бракот ќе го разведе.

Член 249

Ако во бракоразводниот спор се решава за чување, издржување и воспитание на децата, судот ќе го повика центарот за социјална работа да учествува на рочиштето заради заштита на интересите на децата и ќе му ги достави сите одлуки донесени во таа постапка

Во постапката од став 1 на овој член центарот за социјална работа ќе даде предлог за чување, издржување и воспитание на децата, а може, во границите на овој предлог, да изнесува нови факти и докази што странките не ги навеле, да вложува правни средства и да презема други процесни дејства во интерес на децата

Член 250

Имотните спорови меѓу брачните другари освен споровите за издржување не може да се решаваат заедно со бракоразводниот спор

Член 251

Во текот на постапката за бракоразводните спорови судот може со решение да определи привремени мерки заради давање издршка на заедничките деца и за нивно доверување на чување и воспитание

Привремените мерки од став 1 на овој член можат да се определат по службена должност, по предлог на една од странките, како и на предлог на центарот за социјална работа

Привремените мерки од став 1 на овој член судот може да ги определи и во корист на брачниот другар, по негов предлог

Жалбата против решението од ставовите 1, 2 и 3 на овој член не го задржува извршувањето на решението

Член 252

Привремените мерки траат до правосилното завршување на постапката, но судот може по службена должност или по барање на една од странките нив да ги менува.

Член 253

Кога бракот се разведува по заемна согласност на брачните другари, а брачните другари имаат малолетни или полнолетни деца над кои е продолжено родителското право, спогодбата од став 2 на член 39 од овој закон за начинот на вршењето на родителските права и за доверување на децата на чување и воспитание, се поднесува писмено или усно во записник кај надлежниот првостепен суд

Ако кон предлогот за спогодбен развод на брак, не е доставена и спогодбата од став 1 на овој член, судот ќе постапи согласно со одредбите од Законот за процесната постапка за неуредни поднесоци

Член 254

Ако тужителот, односно неговиот полномошник не дојде на првото рочиште за главната расправа, ќе се смета дека тужбата за развод на брак е повлечена

За недоаѓање на странките на наредните рочишта ќе се применуваат одредбите од Законот за процесната постапка за мирување на постапката.

Член 255

Кога постапката за развод е поведена по предлог за спогодбен развод, па на рочиштето за главна расправа изостане еден или двајцата брачни другари, а не го оправдале изостанокот иако се уредно поканети, ќе се смета дека предлогот е повлечен.

Член 256

При оцена на спогодбата на брачните другари судот е должен да прибави мислење од центарот за социјална работа и доколку оцени дека спогодбата е спротивна на интересите на децата, ќе донесе своја одлука.

Центарот за социјална работа е должен во рок од 15 дена од приемот на барањето од судот да даде мислење во смисла на став 1 од овој член.

Мислење од став 1 на овој член судот ќе прибави од центарот за социјална работа и во споровите кога се бара развод на брак со тужба.

Член 257

Фактите врз кои странките го засноваат тужбеното барање во брачниот спор, а странките во спорот имаат заеднички малолетни деца и кога тие факти се однесуваат на децата, судот може да ги утврдува и кога тие не се спорни меѓу странките.

Судот не смее да се впушти во испитување на вистинитоста на другите факти за кои дознал од исказот на странките или на друг начин, а кои би можеле да претставуваат друга бракоразводна причина како основа на тужбата.

Член 258

Доколку бракот се разведува по предлог за спогодбен развод на брак образложението на пресудата содржи само констатација дека брачните другари својата согласност за развод на брак ја донеле слободно, сериозно и непоколебливо

Член 259

Пресудата со која се разведува бракот по предлог за спогодбен развод на брак може да се побива:

1) поради суштествена повреда на одредбите на процесната постапка од член 354 став 2 на Законот за процесната постапка;

2) поради погрешна примена на материјалното право и

3) поради тоа што предлогот за развод на брак по заемна согласност бил даден во заблуда, под влијание

на сила или закана и во случај ако за донесување на оваа пресуда не постоеле услови одредени со овој закон.

Против првостепената пресуда од став 1 на овој член странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена.

Жалбата во која се изнесени причините поради кои жалба не може да се изјави ќе се отфрли како недозволена.

Против одлуката на второстепениот суд од став 1 на овој член не е дозволена ревизија.

Член 260

Ако со правосилна пресуда бракот е разведен или поништен, одлуката за развод на брак, односно поништување на брак не може да се побива со вонредни правни лекови.

Член 261

Одредбите од членовите 251, 252 и 256 ќе се применуваат и на споровите со кои се бара поништување на бракот.

III. ПОСТАПКА ВО СПОРОВИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ И ОСПОРУВАЊЕ НА ТАТКОВСТВОТО И МАЈЧИНСТВОТО

Член 262

Во споровите за утврдување или оспорување на татковство или мајчинство, малолетното дете може да поднесе тужба или пред судот од опита месна надлежност или пред судот на чие подрачје има живеалиште, односно престојувалиште. Пред судот на своето живеалиште, односно престојувалиште детето може да поднесе тужба и по полнолетството, но само доколку тужениот нема живеалиште, односно престојувалиште на територијата на Република Македонија.

Одредбите од став 1 на овој член се применуваат и во случаите кога детето поднесува тужба заедно со друго лице.

Член 263

Како странки во спорот за утврдување на татковство се лицето чие татковство се утврдува, детето и мајката на детето, а центарот за социјална работа само кога согласно со одредбите на овој закон е овластен да поведе постапка за утврдување на татковство.

Како странки во спорот за оспорување на татковство се лицето кое го оспорува татковството, лицето чие татковство се оспорува, детето и мајката на детето.

Кога татковството го оспорува мажот на мајката од подоцнежниот брак, како странка во постапката е и мажот на мајката од поранешниот брак.

Член 264

Ако со тужбата за утврдување и оспорување на татковство како тужители и тужени не се опфатени сите лица кои мораат да бидат странки во постапката, судот ќе го подучи тужителот да го тужи и лицето кое со тужбата не е опфатено или да го повика лицето да се приклучи кон тужбата како нов тужител.

Ако тужителот во рокот што ќе го одреди судот не ја прошири тужбата на сите лица кои мораат да бидат странки во постапката или ако тие лица не се приклучат кон тужбата, судот по тужбата ќе постапи согласно со одредбите од Законот за процесната постапка за неуредни поднесоци.

Член 265

Странките кои во тужбата за оспорување и утврдување на татковството или мајчинството се означени како тужители или тужени се единствени сопроцесници.

Кога тужбата ја поднесува овластено лице во законски рок, на тужбата може да ѝ се придружи и лице на кое му истекнал рокот за поднесување на тужба.

Член 266

Ако детето и родителот, кој по законот го застапува детето, имаат спротивни интереси, центарот за социјална работа ќе му постави на детето старател за посебни случаи.

Член 267

Во споровите за утврдување или оспорување на татковството ќе се применуваат одредбите на членовите 234 став 2, 251 и 252 од овој закон.

Во споровите за утврдување на мајчинството соодветно ќе се применуваат сите одредби како во споровите за утврдување или оспорување на татковството.

Член 268

Ако во спорот за утврдување на татковството, тужениот го признае татковството, постапката се запира, а судот ќе постапи согласно со член 51 став 2 на овој закон.

Член 269

Постапката за оспорување на мајчинството се води одделно од постапката за утврдување на мајчинството.

По исклучок од став 1 на овој член доколку постапката ја поведува жената која се смета за мајка на детето се води единствена постапка.

Член 270

Одредбите од член 257 на овој закон се применуваат и во споровите за утврдување и оспорување на татковството и мајчинството и за поништување на татковството утврдено со признание.

Член 271

Во споровите за утвредување и оспорување на татковство и мајчинство, против правосилна пресуда е дозволена ревизија.

IV. ПОСТАПКА ВО СПОРОВИ ЗА ДОВЕРУВАЊЕ НА ДЕЦА НА ЧУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ

Член 272

Во постапката заради доверување на деца на чување и воспитание судот не е врзан со барањата на странките.

Член 273

Против второстепената одлука за доверување на деца на чување и воспитание е дозволена ревизија.

Кога одлуката за доверување на деца за чување и воспитание се донесува во брачен спор, правните последици од оваа одлука настануваат оној ден кога ќе настанат и правните последици од пресудата со која се утврдува дека бракот не постои или се поништува или се разведува.

V. ПОСТАПКА ВО СПОРОВИТЕ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 274

Со пресудата со која бракот се поништува или се разведува, судот ќе донесе одлука за издржување на лицата утврдени во член 179 од овој закон.

Член 275

Одлука за издржување на детето судот може да донесе и во спорови за утврдување или оспорување на татковство или мајчинство, кога донесувањето на оваа

одлука, со оглед на исходот на спорот и околностите на случајот, е можно и потребно.

Член 276

Во спорот за издржување нема да се применуваат одредбите од Законот за процесната постапка кои се однесуваат на постапката во спорови од мала вредност.

Член 277

Во споровите за издржување на малолетно дете или полнолетно дете над кое е продолжено родителското право се применува одредбата од член 272 на овој закон.

Член 278

Жалбата изјавена против одлуката на судот во споровите за издржување не го задржува нејзиното извршување.

Член 279

Во споровите за издржување е дозволена ревизија.

VI. ПОСТАПКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Член 280

За одлучување по предлогот за извршување на одлуката на судот со која се наложува да се предаде детето на родителот или на друго лице, односно установа на која детето е доверено на чување и воспитание, месно надлежен е судот според местото на живеење или престојување на родителот кој го бара извршувањето, како и судот на чија територија се наоѓа детето.

За спроведување на извршувањето месно надлежен е судот на чија територија се затекнало детето.

Член 281

При спроведувањето на присилно извршување судот води сметка за итноста на постапката и за потребата да се заштити личноста на детето.

Судот, откако ќе ги оцени сите околности на случајот, ќе одлучи дали извршувањето ќе го спроведе со изрекување на парична казна против лицето кај кого се наоѓа детето или со одземање на детето од тоа лице.

Ако целта на извршувањето не може да се постигне со изрекување и извршување на одлуката за парична казна, извршувањето ќе се спроведува со одземање на детето од лицето кај кого детето се наоѓа и со предавање на детето на родителот, односно друго лице или установа на која тоа е доверено на чување, одгледување и воспитание

Во постапката за извршување судот ќе побара помош од центарот за социјална работа.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 282

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 283

Управните и судските постапки покренати пред влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите од овој закон.

Член 284

Старателите поставени според досегашните прописи продолжуваат да работат според одредбите од овој закон

Член 285

Со влегување во сила на овој закон престануваат да важат Законот за брак („Службен весник на СРМ" број 35/73, 28/74 и 13/78), Законот за односите на родителите и децата („Службен весник на СРМ" број 5/73, 17/73), Законот за посвојување („Службен весник на СРМ", број 5/73, 17/73), Законот за старателство („Службен весник на СРМ" бр. 5/73) и Законот за посебни процесни постапки во семејните спорови („Службен весник на СРМ" број 13/78).

Подзаконските прописи донесени врз основа на законите од став 1 на овој член ќе се применуваат до донесувањето на прописите од член 282 на овој закон.

Член 286

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

1499.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ СУДСКИ СОВЕТ

Се прогласува Законот за републичкиот судски совет, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 декември 1992 година.

Број 08-4833/1
15 декември 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

ЗАКОН
ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ СУДСКИ СОВЕТ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува организацијата на Републичкиот судски совет и остварувањето на работите од неговиот делокруг утврден со Уставот.

Член 2

Републичкиот судски совет (во натамошниот текст Советот), во извршувањето на работите од својот делокруг придонесува да се остварува судската функција и да се обезбедува самостојноста и независноста на судовите, без да навлегува во нивната работа.

Член 3

Работите од својот делокруг, Советот ги извршува самостојно и независно врз основа и во рамките на Уставот и закон.

Член 4

Советот го известува Собранието на Република Македонија за одделни прашања од својата работа, кога ќе оцени дека тоа е од интерес за примена на законитоста и за обезбедување на самостојноста и независноста во работата на судовите.

Член 5

Се забранува политичко организирање и дејствување во Советот.

Член 6

Советот има свој печат во кој е содржан називот и седиштето во Скопје. На зградата во која е сместен Советот се истакнува неговиот назив.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА

Член 7

Советот го сочинуваат седум членови што ги избира Собранието на Република Македонија од редот на истакнати правници, од кои четворица од редот на судиите и тројца членови од другите институции и дејности.

Член 8

Советот од своите членови избира претседател на Советот за време од три години, без право на повторен избор.

Изборот на претседател на Советот се врши на првата седница на Советот. До изборот на претседател, со седницата раководи најстариот член на Советот.

Секој член на Советот може да предложи кандидат за претседател на Советот. Изборот се врши според редоследот на предложените кандидати за претседател, со јавно гласање. Советот може да одлучи изборот да се изврши со тајно гласање. За претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 9

На член на Советот, функцијата му престанува ако поднесе оставка.

Членот на Советот ќе биде разрешен ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци, или кога трајно ќе ја загуби способноста да ја врши својата функција, што го утврдува Советот врз основа на наод и мислење на надлежната здравствена комисија

Член 10

Советот работи на седници.

Советот може да овласти одделни свои членови, по прашања од делокругот на Советот, да остварат увид во работата на судија или да преземат други дејствија и за тоа да му поднесат писмен извештај.

Предлозите и одлуките за работите од својот делокруг, Советот ги утврдува и ги донесува со мнозинство на гласови на сите членови на Советот, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 11

На седницата на Советот кога се утврдува предлогот за избор и разрешување на судија, свое мислење даваат и министерот за правосудство и управа и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија.

Член 12

Со Деловникот за работа на Советот се уредуваат прашањата на постапката и начинот на работата на Советот, во согласност со овој закон.

1. Предлагање, избор и разрешување на судии

а) Избор на судии

Член 13

Советот за избор на судија го предлага лицето кое има највисоки стручни и работни квалитети од кандидатите кои ги исполнуваат пропишаните услови пријавени на огласувањето за избор на судија од страна на Собранието на Република Македонија

Предлогот од ставот 1 на овој член, Советот го утврдува врз основа на податоци за постигнатите резултати во работата на лицето, а по прибавено мислење за стручните и работните квалитети за секое пријавено лице од судот, органот или друго правно лице во кое работи, од судот во кој се избира, повисокиот суд и Врховниот суд на Република Македонија.

Советот утврдува предлог за избор на судија во повисок суд врз основа на објективна проценка на стручните и моралните квалитети на кандидатот, професионалната компетентност и искуството во неговата дотогашна работа.

Советот предлага лице за избор на судии по број еднаков со бројот што се избира и тогаш кога се пријавени повеќе кандидати за едно место.

Член 14

Кога предложениот кандидат за избор на судија не го добие потребното мнозинство на гласови во Собранието на Република Македонија, Советот утврдува нов предлог за избор на судија.

Доколку Советот оцени дека од пријавените лица на огласот за судија не може да предложи друг кандидат за избор на судија, за тоа ќе го извести Собранието на Република Македонија, кое повторно ќе го огласи изборот на судија за соодветниот суд.

б) Разрешување на судии

Член 15

Советот предлага разрешување на судија кога е исполнет некој од основите утврдени со Уставот, на начин определен со овој закон, и тоа:

– ако судијата тоа сам го побара;

– ако ги исполни условите за старосна пензија и

– ако е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци.

Советот предлага разрешување на судија во рок од 30 дена од исполнувањето на некој од основите од ставот 1 на овој член.

Член 16

Советот предлага разрешување на судија кога тоа сам ќе го побара, без посебно да ги испитува причините на барањето.

Член 17

Советот предлага разрешување на судија кога се исполнети условите за старосна пензија определени со закон, по барање на судијата, по своја иницијатива, или по барање на друг надлежен орган.

Член 18

Советот предлага разрешување на судија кога судијата е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци, по правосилноста на пресудата со која е изречена оваа казна.

Првостепениот суд му доставува на Советот примерок од пресудата со која судијата е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци.

2. Утврдување на предлог за разрешување на судијата од судиската функција

Член 19

Советот утврдува предлог за разрешување од судиската функција и на Собранието на Република Македонија му предлага разрешување на судијата кога е исполнет некој од основите утврдени со Уставот, во постапка и на начин определен со овој закон и тоа:

– ако трајно ја загуби психофизичката способност за вршење на судиската функција;

– поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција и

– поради извршена потешка дисциплинска повреда пропишана со закон што го прави недостоен за вршење на судиската функција.

а) Утврдување на трајно загубена психофизичка способност за вршење на судиската функција

Член 20

Советот ја утврдува трајно загубената психофизичка способност за вршење на судиската функција врз основа на документација со наод и мислење на надлежна здравствена комисија

Постапка за утврдување на трајно загубената психофизичка способност за вршење на судиската функција, Советот воведува по службена должност кога сам дошол до такво сознание, или кога таква иницијатива дал потпретседателот на судот во кој судијата ја врши функцијата или претседателот на повисокиот суд.

б) Утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција

Член 21

Советот утврдува предлог за разрешување на судија поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција кога во постапка врз основа на прибавени податоци и остварен увид во работата на судијата ќе утврди незадоволителна стручност што влијае на квалитетот, ажурноста и бројот на решените предмети и незадоволително работно ангажирање и дисциплина на судијата.

Пред утврдувањето на предлогот за разрешување на судијата Советот прибавува мислење од судот во кој судијата работи и од опитата седница на Врховниот суд на Република Македонија за оправданоста на предлогот за разрешување на судијата според основите од ставот 1 на овој член, врз основа на дотогашната работа на судијата, постигнатите резултати и односот спрема функцијата што ја остварувал.

в) Утврдување на потешка дисциплинска повреда

Член 22

Советот утврдува предлог за разрешување на судија поради потешка дисциплинска повреда пропишана со закон кога во постапка ќе се утврди дека извршената потешка дисциплинска повреда го прави судијата недостоен за вршење на судиската функција.

Предлогот за разрешување на судија според ставот 1 на овој член, Советот го утврдува по правосилноста на одлуката за дисциплинската одговорност на судијата.

3. Одлучување за дисциплинската одговорност на судиите

Член 23

Советот поведува постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на судија кога постои основано сомнение дека судијата извршил потешка дисциплинска повреда пропишана со закон што го прави недостоен за вршење на судиската функција.

Пред поведувањето на постапката, Советот ќе побара од судијата да се изјасни за наводите на предлогот за поведување на постапка. До поведувањето на постапката постапувањето се остварува доверливо без да се нарушува неговиот углед како судија.

Советот одлучува за дисциплинската одговорност на судиите врз основа на состојбата што ќе ја утврди Комисијата за утврдување на дисциплинската одговорност на судијата (во натамошниот текст: Комисијата).

Член 24

Комисијата е составена од тројца членови на Советот од кои еден е претседател на Комисијата.

Советот избира членови на Комисијата и ист број заменици за време од три години.

Член 25

Предлог за поведување постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на судијата може да поднесе претседателот на судот, претседателот на повисокиот суд и опитата седница на Врховниот суд на Република Македонија.

По исклучок од одредбата од ставот 1 на овој член предлог за поведување постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на судија на Врховниот суд на Република Македонија, може да поднесе само опитата седница на Врховниот суд на Република Македонија.

Член 26

Предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на судија се поднесува во рок од 15 дена од денот на узнавањето за извршената потешка повреда.

Постапката за утврдување на дисциплинската одговорност на судијата се поведува во рок од 30 дена од приемот на предлогот.

Поведувањето и водењето на дисциплинската постапка застарува во рокови определени со одредбите на Законот за работните односи, за поведување и водење на дисциплинската постапка.

Член 27

На судијата му се доставува предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и покана за расправа пред Комисијата

На расправата се поканува подносителот на предлогот, кој во постапката го застапува предлогот за нејзино поведување.

Член 28

Комисијата го распрашува судијата, ги прибавува потребните списи, врши увид и спроведува други извидувања заради утврдување на фактите и околностите во врска со дисциплинската одговорност на судијата.

По спроведената постапка Комисијата утврдува дека судијата извршил потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судиската функција, или ја запира постапката.

Постапката за утврдување на дисциплинската одговорност на судијата се спроведува законито и ажурно и на начин со кој не се нарушува неговата чест и достоинство.

Член 29

Против одлуката на комисијата за утврдување на дисциплинската одговорност, судијата и подносителот на предлогот за поведување на постапка можат да изјават жалба до Советот во рок од осум дена по приемот на одлуката.

Член 30

Советот одлучува по жалбата со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

Претседателот на Советот еден од членовите на Советот го определува за известител за дисциплинската одговорност на судијата.

Член 31

Против одлуката на Советот со која се утврдува дисциплинската одговорност на судијата за извршена потешка дисциплинска повреда, што го прави недостоен за вршење на судиската функција, судијата може да побара судска заштита пред Врховниот суд на Република Македонија, за што се одлучува во постапка за управни спорови.

4. Оцена на стручноста и совесноста на судиите во вршењето на функцијата

Член 32

Советот ја оценува стручноста и совесноста на судиите кога податоците за постигнатите резултати, бројот на решените предмети, квалитетот и ажурноста во работата упатуваат на констатација дека судиската функција нестручно, несовесно и воопшто непрофесионално се врши.

Прашањето за оценување на стручноста и совесноста на судиите во вршењето на нивната функција, покрај Советот можат да го покренат и претседателот на соодветниот суд, претседателот на повисокиот суд и општата седница на Врховниот суд на Република Македонија.

Член 33

Советот ја оценува стручноста и совесноста на судијата во вршењето на неговата функција и кога судијата е кандидат за избор на судија на повисок суд или за избор на претседател на суд.

Член 34

Советот во вршењето на работите од членовите 32 и 33 на овој закон прибавува податоци од Министерството за правосудство и управа за постигнатите резултати, бројот на решените предмети, квалитетот и ажурноста во работата на судиите во соодветниот суд.

На барање на Советот, судовите се должни да му доставуваат податоци за постигнатите резултати во работата на судиите на начин определен со Деловникот за работа на Советот.

Член 35

Одредбите од членовите 13 до 34 на овој закон за изборот и разрешувањето, дисциплинската одговорност и оценувањето на стручноста и совесноста на судиите се однесуваат и на претседател на суд.

5. Предлагање судии на Уставниот суд на Република Македонија

Член 36

Советот од редот на истакнатите правници со оцена на нивните вкупни резултати во работата и придонесот за развојот на стручната и теоретската мисла и на правниот систем, на Собранието на Република Македонија му предлага двајца кандидати за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот од ставот 1 на овој член Советот го утврдува со двотретинско мнозинство, на начин и постапка определени со Деловникот за работа на Советот.

III. СЕКРЕТАР, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ И ДРУГИ РАБОТНИЦИ

Член 37

Советот има секретар, стручни соработници и други работници потребни за вршење на стручни, финансиски, административни, технички и други работи.

Бројот на стручните соработници и на другите работници и нивните работи и задачи се утврдува со општите акти за организација и работа и за систематизација на работите и задачите.

За вршење на работите од ставот 1 на овој член може да се организира заедничка служба со други органи, организации и служби.

Член 38

Секретар и стручен соработник може да биде дипломиран правник кој ги исполнува општите услови за засновање на работен однос во државен орган со положен правосуден испит.

IV. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

Член 39

Средствата за работа на Советот се обезбедуваат во Републичкиот буџет.

Член 40

Платите на членовите на Советот и секретарот се утврдуваат со закон.

Платите на стручните соработници и на другите работници се утврдуваат со општ акт на Советот во согласност со закон и колективен договор.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 41

Деловникот за работа Советот ќе го донесе во рок од 15 дена од неговото конституирање.

Општите акти за организација и работа, за систематизација на работите и задачите на Советот и за постапката на дисциплинската одговорност на судиите ќе се донесат во рок од 30 дена од конституирањето на Советот.

Член 42

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на на Република Македонија".

1500.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Се прогласува Законот за јавното обвинителство, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 декември 1992 година.

Број 08-4834/1
16 декември 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

ЗАКОН ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се основаат јавните обвинителства, се уредува нивната организација и надлежност, се определуваат подрачјата и седиштата на јавните обвинителства и се утврдуваат условите и постапката за именување и разрешување на јавните обвинители и заменици јавни обвинители.

Член 2

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган што ги гони сторителите на кривични и

други со закон утврдени казниви дела и врши други работи утврдени со закон.

Член 3

Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа и во рамките на Уставот и закон.

Член 4

Функцијата на јавното обвинителство ја врши јавниот обвинител на Република Македонија, јавниот обвинител на вишото јавно обвинителство и јавниот обвинител на основното јавно обвинителство.

Јавниот обвинител може да има еден или повеќе заменици.

Собранието на Република Македонија утврдува критериуми за определување на бројот на заменици јавни обвинители и го определува бројот на заменици во јавните обвинителства.

Член 5

Собранието на Република Македонија по предлог на Владата на Република Македонија ги именува и разрешува јавниот обвинител и заменикот јавен обвинител за време од шест години, кои можат да бидат повторно именувани.

Член 6

Заменикот јавен обвинител може да врши секое од дејствијата во постапката пред судот, други органи и други правни лица за кои според законот е овластен јавниот обвинител.

Член 7

Јавните обвинителства преку печатот и другите средства за информирање ја известуваат јавноста за соработката на криминалитетот и за другите појави од општо значење забележани во нивната работа.

Јавните обвинителства можат да ја информираат јавноста за одделни случаи по кои постапуваат.

Член 8

Јавните обвинителства по прашања од значење за остварувањето на нивните функции, како и по прашања од заеднички интерес соработуваат со органите на откривање на кривични и други казниви дела и нивните сторители, судовите, другите органи и други правни лица.

Член 9

Повисокиот јавен обвинител има право и должност да му дава задолжителни упатства на понискиот јавен обвинител за неговата работа.

Задолжителните упатства на повисокиот јавен обвинител можат да се однесуваат на преземање на одредени мерки и активности заради заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот, заштита на интересите на општествената заедница и на другите правни субјекти, посфикасно откривање на кривични и други казниви дела и нивните сторители, употреба на правни средства и законито утврдување на фактите и примена на правото.

Понискиот јавен обвинител ги извршува задолжителните упатства на повисокиот јавен обвинител.

Член 10

Повисокиот јавен обвинител може да го преземе кривичното гонење, како и вршењето на одделни работи за кои е надлежен понискиот јавен обвинител.

Повисокиот јавен обвинител може да го овласти понискиот јавен обвинител да води постапка по одделни предмети или да врши определени работи од надлежност на друг јавен обвинител.

Член 11

Се забранува политичко организирање и дејствување во јавните обвинителства.

Член 12

Просторните услови, материјалните средства, опремата, кадрите и другите услови за работа на јавните обвинителства ги обезбедува Републиката.

Член 13

Јавното обвинителство има печат кој ги содржи називот и седиштето на јавното обвинителство.

На зградата во која е сместено јавното обвинителство се истакнува неговиот назив.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЛЕЖНОСТ

Член 14

Јавното обвинителство во остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични и други казниви дела и во вршењето на другите функции определени со закон постапува пред надлежните судови.

Јавното обвинителство постапува во границите на својата стварна и месна надлежност, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Основното јавно обвинителство постапува пред основниот суд.

Вишото јавно обвинителство постапува пред вишиот суд.

Јавното обвинителство на Република Македонија постапува пред Врховниот суд на Република Македонија.

Јавното обвинителство постапува и пред други органи и други правни лица на своето подрачје кога за тоа е овластено со закон.

Член 15

Јавното обвинителство се грижи за навремено и ефикасно откривање на кривични и други казниви дела и нивните сторители, поднесува барање за поведување на кривична постапка и постапка по други казниви дела и во рамките на законот презема мерки и активности заради правилно насочување на постапката, покренува и застапува обвинение, изјавува редовни и вонредни правни средства и презема и други дејствија определени со закон.

Во процесната,вонпроцесната, извршната, управната и другите постапки јавното обвинителство презема дејствија за кои е овластено со овој или друг закон.

Член 16

Заради остварување на функцијата на гонење јавното обвинителство во соработка со органите на откривање и со други надлежни органи и други правни лица, се грижи за преземање мерки и активности за откривање на кривични и други казниви дела и на нивните сторители.

Член 17

Јавниот обвинител на Република Македонија пред Уставниот суд на Република Македонија дава иницијатива за поведување постапка за оценување на согласноста на закон со Уставот и за согласноста на други прописи со Уставот и законите, ако прашањето за уставноста и законитоста се постави во работата на јавното обвинителство.

Основните и вишите јавни обвинителства го известуваат Јавното обвинителство на Република Македонија за прашањата на уставноста и законитоста поставени во нивната работа.

Член 18

Кога јавниот обвинител на Република Македонија ќе најде дека поради повреда на закон или на меѓународен договор постои основ да употреби правно средство против извршна судска одлука или одлука донесена во управна или друга постапка, за што е овластен со за-

кон, може да бара да се одложи односно прекине извршувањето на таа одлука, ако со нејзиното извршување би можело да настапат неотстранливи штетни последици.

Барањето за одлагање, односно прекинување на извршувањето од ставот 1 на овој член го поднесува јавниот обвинител на Република Македонија, овластен да го употреби правното средство против таквата одлука. Барањето за одлагање, односно прекинување на извршувањето се поднесува до судот, односно органот надлежен за дозволување на извршувањето, а ако извршувањето е во тек, до судот, односно надлежниот орган кој го спроведува извршувањето.

По барање од јавниот обвинител на Република Македонија, судот односно надлежниот орган ќе го одложи односно прекине извршувањето ако оцени дека барањето е основано.

Одлагањето, односно прекинувањето на извршувањето трае до донесувањето на одлуката по правното средство на јавниот обвинител.

Одлуката за одлагање, односно за прекинување на извршувањето престанува да важи ако јавниот обвинител на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката не употреби правно средство.

Член 19

За работи и задачи од својата надлежност и за преземање на дејствија за кои е овластено, јавното обвинителство прима пријави, претставки и други поднесоци и изјави од граѓани, други органи и други правни лица.

Во вршењето на работите од ставот 1 на овој член на јавното обвинителство ќе му се достават списи и други известувања потребни за преземање на дејствија од неговата надлежност.

Член 20

Јавното обвинителство се основа за подрачја на судот од соодветен степен.

Основно јавно обвинителство се основа за подрачја на еден или повеќе основни судови.

Више јавно обвинителство се основа за подрачје на виши суд.

Јавното обвинителство на Република Македонија се основа за територијата на Република Македонија со седиште во Скопје.

Член 21

Во Република Македонија се основаат следниве основни и виши јавни обвинителства:

а) Основни јавни обвинителства

1. Основно јавно обвинителство во Берово за подрачјето на Основниот суд во Берово;

2. Основно јавно обвинителство во Битола за подрачјето на Основниот суд во Битола;

3. Основно јавно обвинителство во Гевгелија за подрачјето на Основниот суд во Гевгелија;

4. Основно јавно обвинителство во Гостивар за подрачјето на Основниот суд во Гостивар;

5. Основно јавно обвинителство во Дебар за подрачјето на Основниот суд во Дебар;

6. Основно јавно обвинителство во Делчево за подрачјето на Основниот суд во Делчево;

7. Основно јавно обвинителство во Кавадарци за подрачјата на основните судови во Кавадарци и Неготино;

8. Основно јавно обвинителство во Кичево за подрачјето на Основниот суд во Кичево;

9. Основно јавно обвинителство во Крива Паланка за подрачјето на Основниот суд во Крива Паланка;

10. Основно јавно обвинителство во Кочани за подрачјата на основните судови во Кочани и Виница;

11. Основно јавно обвинителство во Куманово за подрачјата на основните судови во Куманово и Кратово;

12. Основно јавно обвинителство во Охрид за подрачјето на Основниот суд во Охрид;

13. Основно јавно обвинителство во Прилеп за подрачјата на основните судови во Прилеп и Крушево;

14. Основно јавно обвинителство во Радовиш за подрачјето на Основниот суд во Радовиш;

15. Основно јавно обвинителство во Ресен за подрачјето на Основниот суд во Ресен;

16. Основно јавно обвинителство во Свети Николе за подрачјето на Основниот суд во Свети Николе;

17. Основно јавно обвинителство во Скопје за подрачјето на основните судови Скопје I и Скопје II;

18. Основно јавно обвинителство во Струга за подрачјето на Основниот суд во Струга;

19. Основно јавно обвинителство во Струмица за подрачјето на Основниот суд во Струмица;

20. Основно јавно обвинителство во Титов Велес за подрачјето на Основниот суд во Титов Велес;

21. Основно јавно обвинителство во Тетово за подрачјето на Основниот суд во Тетово;

22. Основно јавно обвинителство во Штип за подрачјата на основните судови во Штип и Пробиштип.

б) Виши јавни обвинителства

1. Више јавно обвинителство во Битола за подрачјето на Вишиот суд во Битола;

2. Више јавно обвинителство во Скопје за подрачјето на Вишиот суд во Скопје;

3. Више јавно обвинителство во Штип за подрачјето на Вишиот суд во Штип.

Член 22

Јавниот обвинител го претставува јавното обвинителство, раководи со неговата работа и ги врши правата и обврските определени со закон.

Јавниот обвинител го заменува заменик јавен обвинител што тој ќе го определи.

Кога јавниот обвинител нема заменик, а тој не може да ја врши должноста, повисокиот јавен обвинител може да овласти друг јавен обвинител или да упати свој заменик да ја врши должноста на јавен обвинител најмногу до шест месеци.

III. ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ И ЗАМЕНИЦИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Член 23

Собранието на Република Македонија го огласува именувањето на јавен обвинител и заменик јавен обвинител на соодветното јавно обвинителство во дневниот печат најдоцна 15 дена од донесувањето на одлуката за утврдување на бројот на заменици јавни обвинители, односно веднаш по упразнувањето на местото јавен обвинител или заменик јавен обвинител.

Со огласот се известуваат заинтересираните кандидати во рок од 15 дена од денот на објавувањето да поднесат пријава до Собранието на Република Македонија.

Член 24

За јавен обвинител и заменик јавен обвинител може да биде именуван државјанин на Република Македонија кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во државен орган, дипломиран правник со соодветна насока со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење функција на јавен обвинител, односно заменик јавен обвинител.

Покрај условите од став 1 на овој член за јавен обвинител и заменик јавен обвинител на основно јавно обвинителство лицето треба да има и работно искуство со потврдени резултати по положениот правосуден испит на правни работи од три години, а седум години

за јавен обвинител и заменик јавен обвинител во вишо јавно обвинителство.

За јавен обвинител на Република Македонија и заменик јавен обвинител на Република Македонија покрај условите од ставот 1 на овој член лицето треба да биде истакнат правен стручњак и да има работно искуство со потврдени резултати на правни работи од дванаесет години

За јавен обвинител на Република Македонија и заменик јавен обвинител на Република Македонија може да биде именуван и редовен или вонреден професор на правен факултет кој држел настава по правен предмет во непрекинато траење од најмалку десет години во истото или во пониско наставничко звање.

Член 25

Собранието на Република Македонија врши именување на јавен обвинител, односно заменик јавен обвинител на предлог на Владата на Република Македонија по прибавено мислење од јавниот обвинител на Република Македонија.

Член 26

За јавен обвинител и заменик јавен обвинител не може да биде именувано лице кое на лице во некое од овие звања во исто или повисоко јавно обвинителство, или во Јавното обвинителство на Република Македонија, на претседател или судија на суд со иста стварна надлежност, како и на јавното обвинителство или на адвокат од исто подрачје, му е брачен другар или е во сродство во права линија или во странична линија до втор степен.

Член 27

Пред стапувањето на функцијата, јавниот обвинител, односно заменикот јавен обвинител ја дава следнава свечена изјава:

„Изјавувам дека во вршењето на функцијата јавен обвинител-заменик јавен обвинител ќе се придржувам на Уставот и законите, дека функцијата ќе ја вршам совесно, непристрасно и одговорно и дека ќе ги заштитувам слободите и правата на човекот и граѓаните и интересите на другите правни субјекти".

Член 28

Јавниот обвинител за својата работа и за работата на јавното обвинителство му одговара на Собранието на Република Македонија.

Заменикот јавен обвинител за својата работа му одговара на јавниот обвинител и на Собранието на Република Македонија.

Член 29

Јавниот обвинител и заменикот јавен обвинител уживаат имунитет.

Имунитетот на јавниот обвинител и заменикот јавен обвинител се состои во тоа што не можат да бидат повикани на одговорност или да бидат притворени за искажано мислење во вршењето на функцијата.

Јавниот обвинител и заменикот јавен обвинител не можат да бидат притворени без одобрение на Собранието на Република Македонија, освен ако се затечени во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

Член 30

Јавниот обвинител и заменикот јавен обвинител се должни да го чуваат угледот на функцијата што ја вршат.

Функцијата јавен обвинител и заменик јавен обвинител е неспојлива со функцијата пратеник, односно одборник и со функциите во органите на Републиката, општината и градот Скопје.

Јавниот обвинител и заменикот јавен обвинител не можат да вршат должности или работи кои се неспојливи со функцијата и кои го нарушуваат угледот на јавното обвинителство.

Јавниот обвинител и заменикот јавен обвинител не можат да вршат политичка функција и да членуваат во политичка партија или во друго политичко здружение.

Член 31

Јавниот обвинител и заменикот јавен обвинител се разрешува:

1) кога тоа сам ќе го побара;

2) кога трајно ќе ја загуби психофизичката способност за вршење на функцијата во јавното обвинителство, што го утврдува Владата на Република Македонија, врз основа на документација со наод, и мислење на надлежна здравствена комисија;

3) кога ги исполнил условите за старосна пензија;

4) кога е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци;

5) кога ќе се утврди дека извршил потешка дисциплинска повреда на функцијата јавен обвинител или заменик јавен обвинител утврдена со закон, со што го нарушил угледот на функцијата на јавното обвинителство;

6) кога нестручно и несовесно ја врши функцијата во јавното обвинителство, што го утврдува Владата на Република Македонија.

Член 32

Собранието на Република Македонија по предлог на Владата на Република Македонија покренува постапка за разрешување на јавен обвинител, односно заменик јавен обвинител кога ќе се утврди дека е исполнет некој од основите за разрешување на јавен обвинител, односно заменик јавен обвинител.

Во постапката што ја спроведува Владата, односно Собранието на Република Македонија за утврдување на постоење на некои од основите за разрешување на јавен обвинител, односно заменик јавен обвинител се прибавува мислење од јавниот обвинител на Република Македонија и изјава од лицето во однос на кое се спроведува постапката.

Член 33

За разрешувањето се известува разрешениот обвинител, односно заменикот јавен обвинител, Јавното обвинителство на Република Македонија и Владата на Република Македонија.

Член 34

Јавниот обвинител, односно заменикот јавен обвинител кој е разрешен остварува права по основ на работа на начин и под условите утврдени со закон.

Член 35

Јавниот обвинител, односно заменикот јавен обвинител извршува потешка дисциплинска повреда, кога ќе ја злоупотреби функцијата и со тоа ќе ги наруши неговиот углед и угледот на јавното обвинителство, како и кога врши должности или работи што можат да влијаат на неговата самостојност.

Потешката дисциплинска повреда на функцијата на јавен обвинител, односно заменик јавен обвинител се утврдува во дисциплинска постапка пропишана со Законот за органите на управата.

Член 36

Против првостепеното решение донесено во дисциплинската постапка, дисциплински одговорниот јавен обвинител, односно заменик јавен обвинител и подносителот на предлогот за дисциплинска одговорност имаат право да изјават жалба во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението до Второстепената дисциплинска комисија на Владата на Република Македонија.

Против конечната одлука со која се утврдува дисциплинската одговорност, дисциплински одговорниот јавен обвинител, односно заменик јавен обвинител може да побара судска заштита пред Врховниот суд на Република Македонија, за што се одлучува во постапка за управни спорови.

Член 37

Јавниот обвинител, односно заменикот јавен обвинител се оддалечува од функцијата додека се наоѓа во притвор.

Јавниот обвинител, односно заменикот јавен обвинител може да биде оддалечен од функцијата додека трае истрагата за кривично дело, кога е поведена дисциплинска постапка за потешка повреда и кога е поведена постапка за негово разрешување.

Одлука за оддалечување од функцијата донесува јавниот обвинител на Република Македонија, по претходно изјаснување на јавниот обвинител, односно заменикот јавен обвинител, а за јавниот обвинител на Република Македонија – Владата на Република Македонија.

IV. СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, ПРИПРАВНИЦИ И ДРУГИ РАБОТНИЦИ

Член 38

Во јавните обвинителства се вработуваат определен број стручни соработници, приправници и други работници за вршење на стручни, административни, технички и други работи.

Член 39

Стручен соработник во основно и више јавно обвинителство, може да биде дипломиран правник кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање работен однос во државен орган со положен правосуден испит, а во Јавното обвинителство на Република Македонија, покрај овие услови и да има две години практика на правни работи по полагањето на испитот.

Член 40

Правник може да биде дипломиран правник кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во државен орган.

Приправниците се вработуваат во основните и вишите јавни обвинителства и се распоредуваат на вршење на работи и задачи заради стекнување на практика во сите области на работата.

По положениот правосуден испит, приправникот се распоредува на вршење на работи на стручен соработник.

На приправникот кој по приправничкиот стаж од две години во текот на една година не го положи правосудниот испит му престанува својството на приправник во јавното обвинителство.

Член 41

Со општиот акт за систематизација на работите и задачите се определуваат бројот на работниците, посебните услови што треба да ги исполнуваат за засновање на работен однос и работите и задачите што треба да ги извршуваат.

Со општиот акт од ставот 1 на овој член се утврдуваат звањата и условите за нивно стекнување на стручните соработници во Јавното обвинителство на Република Македонија.

Член 42

За вршење на одредени управни, финансиски, оперативни, манипулативни и помошни работи и задачи, јавното обвинителство во договор со други органи, може да основа заеднички служби или да определи работници кои ќе ги вршат овие заеднички работи и работни задачи.

V. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

Член 43

Средствата за работа на јавните обвинителства се обезбедуваат во Републичкиот буџет.

Член 44

Висината на платите и на другите надоместоци на јавниот обвинител и заменикот јавен обвинител се определува со закон.

Платите на стручните соработници, приправниците и другите работници се утврдуваат со општ акт во согласност со закон и колективен договор.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 45

Општинските и окружните јавни обвинителства и Јавното обвинителство на Македонија основани според досегашните прописи продолжуваат со работа како основни и виши јавни обвинителства и Јавно обвинителство на Република Македонија, според организација и надлежност утврдени со овој закон од 1 април 1993 година.

Именувањето на јавните обвинители и замениците јавни обвинители според одредбите на Уставот на Република Македонија и на овој закон, ќе се изврши согласно со член 15 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Член 46

За именување на јавен обвинител и заменик јавен обвинител од членот 24 став 1 на овој закон, според кој е потребно лицето, покрај општите и посебните услови, да е дипломиран правник со соодветна насока, не се однесува на лицата кои за именување за јавен обвинител и заменик јавен обвинител ги исполнуваат другите услови и се дипломирани правници но со несоодветна насока, а кои положиле правосуден испит според постојните прописи, до влегувањето во сила на овој закон.

Член 47

Пријавите и првостепените предмети за кривични дела, како и првостепените предмети во граѓанската, управната и прекршочната област кои на 31 март 1993 година во окружните јавни обвинителства не се решени, или по кои е започната постапката, но не е довршена пред надлежниот суд или не е донесена одлука по завршувањето на првостепената постапка, како и копијата на списите за постапување пред надлежниот суд по започнатата постапка или поднесеното обвинение или друго правно средство, ќе им се отстапат на надлежните основни јавни обвинителства на кои им се пренесува првостепената надлежност според Законот за судовите и овој закон.

Пријавите и предметите за стопанските престапи кои на 31 март 1993 година ќе се затекнат во работа во окружните јавни обвинителства ги преземаат стварно и месно надлежните основни јавни обвинителства определени со овој закон.

Јавното обвинителство на Република Македонија соодветно ќе постапи според ставовите 1 и 2 на овој член во однос на предавањето на пријавите и предметите за кои се надлежни основните и вишите јавни обвинителства да постапуваат пред основните и вишите судови.

Член 48

Воените обвинителства надлежни според досегашните прописи, пријавите и предметите на граѓаните на Република Македонија ќе им ги предадат на натамошно

постапување на јавните обвинителства надлежни според одредбите на овој закон.

Член 49

Јавниот обвинител на Република Македонија ќе донесе правилник за внатрешното работење на јавните обвинителства и правилник за дисциплинската одговорност на јавните обвинители и заменици јавни обвинители во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 50

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82, 11/87, 12/89, 10/90 и 11/91).

Член 51

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" и ќе се применува од 1 април 1993 година.

1501.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДВОКАТУРАТА

Се прогласува Законот за адвокатурата,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 декември 1992 година.

Број 08-4835/1
16 декември 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

ЗАКОН ЗА АДВОКАТУРАТА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува обезбедувањето правна помош од страна на адвокатурата на физички и правни лица во остварувањето и заштитата на нивните права и врз закон засновените интереси во постапката пред судовите, другите органи и други правни лица, како и организацијата на адвокатурата, условите за упис во Именикот на адвокатите и правата и обврските на адвокатите.

Член 2

Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Член 3

Самостојноста и независноста на адвокатурата како јавна служба се остварува со слободно и независно вршење на адвокатската дејност, слободен избор на адвокатот, организирање на адвокатите во адвокатска комора, автономно донесување на општи акти за работа на Адвокатската комора на Република Македонија и нејзините органи и запишување и бришење од Именикот на адвокатите и донесување на Кодексот на адвокатската етика.

Член 4

Правната помош се состои во давање на правни совети, составување на исправи за правни работи, составување на поднесоци во судски и други постапки, застапување на странките пред судовите, други органи и други правни и физички лица, одбрана на обвинетите лица и вршење на други работи на правна помош во согласност со закон.

Јавните овластувања се состојат во вршење на правни работи определени со посебен закон, под услови и на начин утврдени со тој закон.

II. ВРШЕЊЕ НА АДВОКАТСКА ДЕЈНОСТ

1. Услови за вршење на адвокатска дејност

Член 5

Адвокатската дејност ја вршат адвокати.

Адвокатската дејност адвокатите можат да ја вршат како адвокати поединци и како адвокати здружени во заедничка адвокатска канцеларија.

Облиците на организирање на адвокатите од ставот 2 на овој член може да имаат својство на правно лице под услови определени со посебен закон или друг пропис.

Член 6

Адвокатите можат да вработуваат други адвокати, адвокатски приправници, адвокатски стручни соработници и работници за вршење административни и помошни работи, на начин и под услови определени со закон

Член 7

Седиштето на канцеларијата адвокатите го определуваат по слободен избор.

Член 8

Правото на вршење на адвокатската дејност се стекнува со уписот во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија.

Член 9

Во Именикот на адвокатите може да се запише државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови за засновање работен однос, дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на адвокатската дејност.

Во Именикот на адвокатите може да се запише и редовен или вонреден професор на правен факултет кој држел настава по правен предмет.

Член 10

По барањето за упис во Именикот на адвокатите решава надлежен орган на Адвокатската комора на Република Македонија на начин и под услови определени со овој закон.

По жалбата против решението со кое се одбива барањето за упис во Именикот на адвокатите решава надлежен орган на Комората во рок од 15 дена од приемот на решението.

Против конечното решение може да се поведе управен спор.

Член 11

Адвокати од други држави можат да даваат правна помош и да вршат адвокатска дејност на територијата

на Република Македонија под услови на реципроцитет, што го утврдува Адвокатската комора на Република Македонија.

2. Права и должности на адвокатите

Член 12

Адвокатот е слободен, самостоен и независен во својата работа и во рамките на законот и овластувањето самостојно одлучува за начинот на застапување на правата и интересите на странката.

Член 13

Правната помош на странката адвокатот ја дава совесно и стручно, согласно со закон и Кодексот на адвокатската етика и како тајна го чува она што му го доверила странката.

Давањето правна помош, може да се одбие или откаже од причини утврдени со закон или и со Кодексот на адвокатската етика.

Правна помош не може да се даде кога по истата правна работа тој или друг адвокат од иста адвокатска канцеларија давал правна помош на спротивната страна, или по истата правна работа постапувал како судија, јавен обвинител,јавен правобранител, односно како работник во друг орган или институција.

Член 14

Адвокатот става свој потпис и печат на секоја исправа или поднесок составен во неговата канцеларија.

Член 15

Адвокатот има право на награда и на надоместок на трошоците за извршената работа според Тарифата за наградата и надоместокот на трошоците за работа на адвокатите.

Член 16

Адвокатската дејност е неспојлива со вршењето на функции, работи и активности кои влијаат на независноста на адвокатите во давањето правна помош и го нарушуваат достоинството и угледот на адвокатурата.

Член 17

Адвокатот не може да биде повикан на одговорност за искажано мислење во судењето.

Адвокатот не може да биде притворен за кривично дело сторено во давањето правна помош без претходна согласност од кривичниот совет на вишиот суд од подрачјето на основниот суд пред кого се води кривичната постапка и прибавено мислење од Адвокатската комора на Република Македонија.

Претресување во адвокатска канцеларија може да се врши само во однос на писмената изречно содржани во одлуката на судот за претресување во присуство на претставник на Адвокатската комора на Република Македонија.

3. Престанок на правото на вршење адвокатска дејност

Член 18

Правото на вршење адвокатска дејност престанува под услови утврдени со овој закон, во постапка определена со овој закон и со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија.

Правото на вршење адвокатска дејност на адвокатот му престанува:

– ако се откаже од правото на вршење адвокатска дејност;

– ако заснова работен однос;

– ако го изгуби државјанството на Република Македонија;

– ако биде лишен од деловна способност или трајно ја загуби способноста за вршење адвокатска дејност, што го утврдува Адвокатската комора и

– ако е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или ако му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење адвокатска дејност.

Против одлуката за престанок на правото на вршење адвокатска дејност од ставот 1 на овој член е дозволена жалба во рок од 15 дена до надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија.

Против конечната одлука може да се поведе управен спор.

4. Адвокатски приправници и адвокатски стручни соработници

Член 19

Во Именикот на адвокатските приправници може да се запише државјанин на Република Македонија кој ги исполнува општите услови за засновање работен однос и е дипломиран правник.

Во Именикот на адвокатските стручни соработници може да се запише лице кое покрај условите од став 1 на овој член има положено правосуден испит.

Член 20

Адвокатскиот приправник се оспособува за самостојно вршење на адвокатската дејност и работите на правната помош ги врши според упатствата на адвокатот.

Член 21

Адвокатскиот приправник може стручно да се оспособува заради стекнување услови за полагање на правосуден испит и самостојно вршење на адвокатската дејност и без засновање на работен однос.

Член 22

Адвокатскиот приправник по положувањето на правосудниот испит може да работи во својство на адвокатски стручен соработник.

Член 23

Адвокатскиот стручен соработник врши определени работи од адвокатската дејност што ќе му ги довери адвокатот и во негово име.

5. Одговорност за повреда на адвокатската должност и угледот на адвокатурата

Член 24

Адвокатите се одговорни за совесно вршење на адвокатската должност и за чување на угледот на адвокатурата.

Како потешка повреда на адвокатската должност и угледот на адвокатурата се смета неизвршување или очигледно несовесно вршење на работите на правна помош, непостапување по овластувањето и непреземање дејствија што адвокатот е должен да ги преземе во заштита на правата и интересите на странката и повредување на должноста на чување тајна.

Со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија може да се предвидат и други повреди на адвокатската должност и угледот на адвокатурата.

Член 25

За повреда на должноста и угледот на адвокатурата на адвокатот може да му се изречат дисциплинските мерки: јавна опомена, парична казна во висина до 10% од нето основицата на облог со даноци и придонеси во претходната година и престанок на вршење на адвокатска дејност во траење од една година.

На адвокатот против кого е поведена постапка за потешка повреда на адвокатската должност и угледот на адвокатурата може привремено да му се забрани вршење на адвокатска дејност додека трае дисциплинската постапка. Условите и постапката за привремена забрана на вршење на адвокатска дејност се определуваат со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија

Член 26

Против решението за изречената дисциплинска мерка и против решението за привремена забрана на вршење на адвокатска дејност, жалба може да се изјави до надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, во рок од 8 дена од приемот на решението.

Против конечното решение за изречената дисциплинска мерка може да се поведе управен спор.

6. Адвокатска комора

Член 27

Адвокатите се организираат во Адвокатска комора на Република Македонија.

Со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, а во согласност со закон можат да се предвидат и други форми на организирање на адвокатите.

Адвокатската комора на Република Македонија има својство на правно лице

Член 28

Адвокатската комора на Република Македонија во својата работа е самостојна и независна.

Адвокатската комора на Република Македонија решава за стекнување право на вршење адвокатска дејност, престанок на правото на вршење адвокатска дејност; упис и бришење во Именикот на адвокатите; Именикот на адвокатските приправници и Именикот на адвокатските стручни соработници; одговорноста за повреда на адвокатската должност и угледот на адвокатурата и привремена забрана на вршење адвокатска дејност; донесува Тарифа за наградата и надоместокот на трошоците за работа на адвокатите; утврдува програма за стручно оспособување на адвокатските приправници и ги донесува општите акти на Комората

Член 29

Со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија особено се уредува делокругот, организацијата и органите на Комората; постапката за упис во Именикот на адвокатите; содржината и давањето на свечената изјава; условите кога адвокатот не може да дава правна помош; условите за заменување на адвокатот од друг адвокат; други потешки повреди на должноста и угледот на адвокатурата покрај утврдените со овој закон; условите и постапката за привремена забрана на вршење адвокатска дејност; органите што ја водат дисциплинската постапка и нивната надлежност и постапката за изрекување дисциплински мерки; општите акти и постапката за нивно донесување; водењето на Именикот на адвокатите, Именикот за адвокатските приправници и Именикот на адвокатските стручни соработници, правата и должностите на адвокатите, адвокатските приправници и адвокатските стручни соработници

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 30

Статутот и другите општи акти на Адвокатската комора на Република Македонија ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од 60 дена од денот на неговото влегување во сила.

Член 31

Адвокатите запишани во Именикот на адвокатите според досегашниот закон продолжуваат со работа според одредбите на овој закон.

Член 32

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за адвокатурата и другите видови правна помош („Службен весник на СРМ“ број 6/72 и 13/78).

Член 33

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

1502.

Врз основа на членовите 68 став 2 и 76 став 4 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 16 декември 1992 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПОСТОЈАНА АНКЕТНА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ГРАЃАНИНОТ

Член 1

Во Одлуката за основање Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот („Службен весник на Република Македонија“ број 25/92) членот 3 се менува и гласи:

„Комисијата во рамките на својот делокруг особено:

– разгледува начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот на Република Македонија, кои се однесуваат на основните слободи и права на граѓанинот;

– ги разгледува иницијативите и предлозите за донесување на закони, нацртите и предлозите на закони и другите прописи и општи акти од значење за остварување на заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

– укажува на потребата од донесување на закони, други прописи и општи акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;

– го следи, разгледува и анализира остварувањето на ратификуваните меѓународни правни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

– врши и други работи од својот делокруг.“

Член 2

По членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

„Комисијата не може да врши истражни или други судски функции“

Член 3

По член 4 се додаваат членовите 4-а, 4-б и 4-в кои гласат:

„Член 4-а

Во работата на Комисијата можат да учествуваат научни, стручни и јавни работници, без право на одлучување.

Член 4-б

Комисијата соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата соработува со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓанинот

Член 4-в

Комисијата соработува со Комисијата за општествен надзор и претставки, Советот за меѓунационални односи и со другите работни тела на Собранието на Република Македонија, а може да разгледува и прашања од делокругот на тие работни тела, ако оцени дека се од значење за заштитата на слободите и правата на граѓанинот".

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-4832/1
16 декември 1992 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1503.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на Република Македонија", број 20/90), а во врска со член 13 од Законот за системот на општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 84/89), кој со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), е преземен како републички пропис, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.12.1992 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА БРАШНОТО И ЛЕБОТ

1. Во Одлуката за определување највисоки цени на брашното и лебот („Службен весник на Република Македонија", бр. 60/92) во точката 1, по став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„На производителите на брашно ќе им се исплатува компензација по 113 ден/кгр. за количини брашно тип „500" од домашно производство продадено на претпријатија и други правни лица и иматели на дуќани кои произведуваат леб".

2. Во точката 4, броевите „90,00" и „100,00" се заменуваат со броевите „40,00" и „50,00".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Компензацијата од точките 1 и 4 на оваа одлука ќе се обезбеди од средствата на Републичкиот буџет".

3. Точките 5 и 6 се менуваат и гласат:

„5. Со парична казна од 80 до 200 плати ќе се казни за прекршок претпријатието и друго правно лице ако цените на своите производи ги формираат спротивно на одредбите од точка 1 до 3 од оваа одлука.

За прекршокот од став 1 на оваа точка ќе се казни и одговорното лице во претпријатието и друго правно лице со парична казна од пет до десет плати.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се одземе и остварената имотна корист.

6. Со парична казна од пет до десет плати ќе се казни за прекршок имателот на дуќан кој произведува брашно, врши промет на брашно, произведува и врши промет на леб ако цената на брашното и лебот ја формира спротивно на одредбите од точките 1 до 3 на оваа одлука.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се одземе и остварената имотна корист".

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-3748/1
21 декември 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с.р.

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е постапката за присилно извршување на наплата на долг во износ од 33.500 ДМ по предлог на доверителот Јовановски Игор од Скопје, преку неговиот полномошник адвокатот Милан Димов од Скопје, против должникот Костадинов Илија од Скопје, со непознато престојувалиште.

Со решение на овој суд И. бр. 3398/92 од 16.XII.1992 година за привремен застапник на должникот Костадинов Илија е назначена Ташкова Емилија, адвокат од Скопје, која во постапката ќе ги застапува неговите интереси.

Од Општинскиот суд Скопје II - Скопје, И. бр. 3398/92 (339)

СООПШТЕНИЕ

Се известуваат правните и физички лица од Република Македонија дека Министерството за развој ги извршува работите во врска со заштитата на индустриската сопственост (патенти, модели, мостри и жигови).

За да се обезбеди понатамошно одржување на стекнатите права од оваа област и формирање на неопходната документација, сите правни и физички лица треба да достават во Министерството за развој фотокопии од нивната комплетна документација за добисни и побарани права кај Сојузниот завод за патенти.

Министер за развој,
д-р **Софија Тодорова**, с.р.

СОДРЖИНА

		Страна
1498.	Закон за семејството	1505
1499.	Закон за Републичкиот судски совет	1525
1500.	Закон за јавното обвинителство	1528
1501.	Закон за адвокатурата	1533
1502.	Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот	1535
1503.	Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување највисоки цени на брашното и лебот	1536

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Телефакс 239-285. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" - Скопје